Од судијата Фанка Јанчулева Михаиловска

Клучна улога за објавување на оваа ,,збирка,, од лични ставови, толкувања и интерпретации на законските одредби на судскиот сајт има маргинализирањето на прекршоците и прекршочната регулатива и отсуството на интерес на повеќе институции за нејзино актуелизирање во периодот од 2014 година до декември 2017 година. Стратешка сила беше мојата упорност, темелност, отсуство на импровизации и надградба преку личен ангажман и покрај бројните тешкотии. Барав стручен соработник, а само повремено добивав волонтери, побарав пристап до пречистени законски текстови на сајт кој го нудеше тоа, а добив одговор дека треба сама да се преплатам. Одлучив моето време да го посветам на спротивставување на идејата и праксата на банализирање на оваа проблематика.

Во продолжение ќе прочитате мои лични ставови и толкувања на прекршочни одредби содржани во одлуки донесени при моето постапување по конкретни прекршочни предмети од областа останати-ПРК-О или ПРК-останато ( прекршоци што не спаѓаат во прекршоци од областа на сообраќајот ниту во прекршоци од областа на јавниот ред и мир). Значителен дел се потврдени со одлуки на Апелациониот суд Скопје, а другиот дел не се обжалени. Можеби нема да се согласите со истите, но и критиката односно дискусијата за нив е чекор кон актуелизирање на оваа проблематика.

## <u>1.Закон за превоз во патниот сообраќај</u>

### I

**Превоз за сопствени потреби на патници и стоки во патниот сообраќај е превоз што го врши домашно или странско правно или физичко лице заради задоволување на потребите во рамките на својата дејност при што правното односно физичкото лице како вршител на дејноста е сопственик на возилото и на стоките кои се превезуваат, а возачот е вработен кај него**

### II

**Правните и физичките лица чија претежна дејност не е превоз туку друга дејност како што е градежништвото во чии рамки вршат превоз на стоки за сопствени потреби, не се превозници но и едните и другите во возилото мора да имаат извод од лиценца за вршење на превоз во оригинал. Ова правило не се применува за возила чија најголема носивост не надминува 3,5 тони вклучувајќи ја и приколката, кои се користат за сопствен превоз.**

## Од образложението

На ден 04.01.2012 година, во 10,25 часот, во Скопје, на бул.Војводина спроти Славија, при извршен инспекциски надзор на товарно моторно возило сопственост на ДУТП Д-К ДООЕЛ Скопје, марка Дајмлер Бенц тип 1619 со рег.бр. СК..., управувано од вработениот Љ.М., констатирано е дека врши превоз на 4 м3 песок, на релација Батинци-с.Волково, за сопствени потреби , без да има извод од лиценца, а управител не превзел мерки за поседување лиценца.

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Од исказот на сведокот В.М., овластено службено лице - државен инспектор за патен сообраќај , произлегуваат фактите по однос на времето и местото на извршениот инспекциски надзор, како и фактите дека надзорот бил извршен на товарно моторно возило Дајмлер Бенц тип 1619 со рег.број СК ... сопственост на ДУТП Д-К ДООЕЛ Скопје, а управувано од Љ.М кој за потребите на Друштвото, вршел превоз на 4м3 песок на релација Батинци-с.Волково. Судот му поклони верба на исказот на сведокот бидејки беше јасен, прецизен и поткрепен со записникот за извршен инспекциски надзор бр... од ... година на Р.М. - Министерство за транспорт и врски , кој е составен од службени лица, во рамките на нивните службени овластувања, истиот уредно е потпишан без забелешки, а обвинетите не приговараа на неговата содржина ниту го негираа фактот дека немаат лиценца туку изразија личен став дека немаат обврска да имаат извод од лиценца.

Ноторен факт е дека товараното моторно возило Дајмлер Бенц тип 1619 има носивост над 3,5 тони, а не беше спорно дека е сопственост на ДУТП Д-К ДООЕЛ Скопје и дека во возилото немало извод од лиценца.

Судот ја прифати одбраната на обвинетиот во делот дека лицето кое го управувало товарното моторно возило е вработено во ДУТП Д-К ДООЕЛ Скопје, како и одбраната во делот дека превезуваниот песок бил наменет за сопствените потреби на првообвинет. Ваквата одбрана наоѓа целосна поткрепа во записникот за извршен надзор број ... од 04.01.2012

година на Министерството за транспорт и врски  и во исказот на сведокот В.М, државен инспектор за патен сообраќај.

Судот не ја прифати одбраната на обвинетиот дадена лично и преку неговиот бранител, дека нема потреба во возилото да има извод од лиценца бидејки песокот бил наменет за потребите на фирмата, а освен тоа првообвинетиот е регистриран во трговскиот регистар како правен субјект што се занимава со претежна дејност градежништво, па превозот за сопствени потреби во секој случај се подведувал под таквата претежна дејност.

Ова од причина што Условите за вршење на превоз во патниот сообраќај се регулирани во Глава II, од член 4 до член 14 од Законот за превоз во патниот сообраќај, при што во членот 4 е пропишано дека домашен превозник може да врши превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај врз основа на лиценца.

Превозот на стоки е регулиран во Глава V од член 62 до член 76 од истиот Закон, а  во член 62 е пропишано дека превозот на стоки може да се врши како внатрешен и меѓународен превоз на стоки во патниот сообраќај.

Општите одредби за предметот на работење на трговското друштво се содржани во членот 62 од од Законот за трговските друштва кој поаѓа од принципот на слобода на вршење на дејноста. Согласно член 62  став 1 од истиот закон, трговското друштво може како предмет на работење да ги врши сите дејности што не се забранети со закон. Според ставот 3, трговското друштво може без упис во трговскиот регистар да врши и други дејности коишто се потребни за неговото постоење и за вршење на работите од предметот на работење, но коишто не спаѓаат непосредно во рамките на вршењето на работите од предметот на работење.

Од содржината на споменатите одредби од Законот за превоз во патниот сообраќај како и од Законот за трговските друштва, произлегува дека интенција на законодавецот е превозот во патниот сообраќај генерално, вклучувајќи го и внатрешниот и меѓународен патен сообраќај да го вршат превозници, односно физички и правни лица специјализирани за вршење на оваа дејност , на кои вршењето превоз им претставува претежна дејност која како таква е впишана во трговскиот регистар и кои поседуваат лиценца за вршење на превоз . Единствениот исклучок од условот за вршење на превозот како претежна дејност законодавецот го направил за превозот за сопствени потреби кој е регулиран во посебна Глава VI , од член 77 до член 79 од Законот за превоз во патниот сообраќај.

Согласно член 77 став 1 од овој Закон, превоз за сопствени потреби на патници и стоки во патниот сообраќај е превоз што го вршат домашни и странски правни и физички лица заради задоволување на потребите во рамките на својата дејност.

Во смисла на член 77 став 4 од истиот закон, при извршувањето на превозот на стоки за сопствени потреби сопственикот на возилото воедно е и сопственик на стоките кои се превезуваат, а возачот е вработен кај него.

Според член 79 став 1 алинеја 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај, при извршувањето на превозот на стоки за сопствени потреби во меѓународниот и внатрешниот патен сообраќај во возилото мора да се наоѓа извод од лиценца во оригинал. Согласно ставот 2 од истиот член, одредбите од ставот 1 алинеја 1 на овој член не се применуваат за возила чија најголема носивост не надминува 3,5 тони вклучувајќи ја и приколката, кои се користат за сопствен превоз.

Од цитираните одредби како и од одредбите кои се однесуваат на условите за добивање на лиценца за вршење на превоз произлегува дека правните и физичките лица кои се занимаваат со превоз како претежна дејност и оние кои обавуваат друга дејност како претежна дејност, а кои покрај таа основна дејност вршат и превоз на стоки заради задоволување на производните или услужните потреби во рамките на оваа друга дејност, се разликуваат по тоа што првите се превозници, а оние кои вршат превоз за сопствени потреби , како во конкретниот случај обвинетите, не се превозници, но во секој случај и едните и другите во возилото мора да има извод од лиценца во оригинал.

Во конкретниот случај, со товарно моторно возило сопственост на ДУТП Д-К ДООЕЛ Скопје, марка Дајмлер Бенц тип 1619, со носивост над 3,5 тони, управувано од вработениот Љ.М , вршен е превоз во внатрешниот патен сообраќај, за сопствени потреби , без да се наоѓа во возилото извод од лиценца, а второобвинетиот како управител не ги презел соодветните мерки за обезбедување извод од лиценца, поради што судот најде дека првообвинетиот сторил прекршокот од член 79 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај, казнив по член 97 став 1 точка 15-а, а управителот И.Т. од Скопје, прекршок од член 79 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај, казнив по член 97 став 2 в.в. став 1 точка 15-а од истиот закон .

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 457/12)**

***

## 2. Закон за шумите

**Постои повреда на начелото „ne bis in idem" – не два пати за исто, кога исто лице, за истата правна работа, со ист фактички опис и меѓу истите субјекти е суден и во прекршочна и во кривична постапка. Ирелевантна е различната правна квалификација.**

**ДИЛЕМА: Кој е надлежен да донесе одлука за одземање на предмети**

**Од образложението**

На 25.01.2016 година, Р.М. – Министерство за земјоделство , шумарство и водостопанство – Сектор за шумска полиција, Одделение – шумска полициска станица Скопје поднесе до овој суд барање за поведување на прекршочна постапка против обвинетиот С. М од с.Б-Скопско, за прекршок од член 67 став 1 и 69 став 1 и 10 од Законот за шумите, казнив по член 104 став 1 точка 1,9 и 11 од истиот закон.

Основниот суд Скопје 1 Скопје го ослободи од одговорност обвинетиот, согласно чл.123 ст.1 т.7 од Законот за прекршоците бидејќи обвинетиот во кривична постапка правосилно е огласен за виновен за дело што ги опфаќа и обележјата на прекршокот, од следните причини:

Од записникот за извршена контрола АА ...од ...година на Шумската полиција Скопје произлегува дека на 08.01.2016 година во 21,00 часот патрола на шумската полиција излегла на лице место во с.Б.- старо С. каде од месното население – сопственици на приватни шуми било затечено лицето С.М. како со помош на моторна пила стил – мс.180 врши бесправна сеча на две дабови стебла со димензии 33 цм пречник и 8 м.висина и  36 цм. и 10 м.висина, кои биле без жиг, без боја и без документација, а потоа со помош на еден коњ извршил пренос на вкупно 0,25 м3 огревно дабово дрво. Записникот е уредно потпишан , без забелешки во однос на законитоста на постапката на надзорот и точноста на утврдената фактичка состојба и покрај тоа што судот по извршениот увид во списите на предметот К.бр...утврди дека произлегуваат различни констатацијата по однос на тоа дали и каде е предадено пренесуваното огревно дрво . Имено, во предметниот записник има констатација дека од страна на селаните дрвата се растоварени на лице место во шумата на непристапно место за товарно моторно возило за да се одземат, а  во кривичната пријава врз основа на која е поднесен предлогот за издавање

казнен налог е напишано дека по наредба на шумската полиција исечените дрва се оставени на оштетениот Звонко Филиповски да си ги подигне и однесе дома. Независно од разликата на ваквите констатации , од увидот во кривичниот предмет К.бр... произлегува дека на лице место била извршена кримтехничка обработка – фотографирање од страна на ЕУМНА, а на фотографиите содржани во фотоалмутот се гледаат исечени огревни дрва и две патнички моторни возила, два коњи, две секири и една пила.

Од правосилната и извршна пресуда за издавање на казнен налог на овој суд К.бр.... од ...година произлегува дека обвинетите М.Б и С.М. огласени се за виновни за кривично дело Кражба од член 235 став 3 в.в. став 1 в.в. член 19 од Кривичниот законик затоа што на ден 08.01.2016 година во 17,00 часот во с.С. – Скопско, заеднички се обиделе да одземат туѓа шума-три стебла од дабово дрво, чие количество е поголемо од еден метар кубен на начин што отишле со два коња со самари, со моторна пила и две секири, се упатиле кон атарот на парцелата број 175 сопственост на оштетениот З.Ф., па откако ги исекле дабовите дрва ги натовариле на нивните коњи, но не ја реализирале намерата противправно да одземат туѓа шума бидејќи биле затекнати и спречени во намерата од оштетениот.

Врз основа на извршениот увид во списите на предметот К.бр.... Судот констатира дека на 08.01.2016 година, во с.Горно Смиљковци, на лице место излегле припадници на МВР и екипа на шумската полиција Скопје. При компаративна и вкрстена анализа на доказите приложени кон предлог за издавање казнен налог и доказите изведени во постапката по предметното барањето за поведување прекршочна постапка, а пред се записникот на ШПС Скопје АА ...од 08.01.2016 година произлегува дека од страна на ПС Гази Баба биле одземени една моторна пила, една секира и еден самар што од друга страна е компатибилно со збирот на привремено одземени предмети од лицата М.Б. и С.М како обвинети во кривичната постапка К.бр. ... Имено, од увидот во предметот К.бр. ...односно од потврдата за привремено одземени предмети на МВР бр.... од 08.01.2016 година произлегува дека на 08.01.2016 година , во 21,00 часот од М.Б одземени се една секира со дрвена рачка и еден самар, а од потврдата за привремено одземени предмети исто на МВР бр.... од 08.01.2016 година произлегува дека во 21,00 часот од С.М се одземени една моторна пила марка Стил со број .... , една секира со дрвена рачка и еден самар за коњ.Фактот дека овластено службено лице во ПС ОН Гази Баба ги предало двата самари на водичот на патролата од Шумската полиција произлегува од Записникот за предавање на одземени

предмети бр....од 15.01.2016 година кој е приложен како доказ кон предметното барање за поведување прекршочна постапка, но и кон предлогот за издавање казнен налог. Од потвдата за привремено предадени предмети број ...од 15.01.2016 година на Шумска полициска станица Скопје произлегува дека шумската полиција го предала самарот за коњ одземен од С.М во плацот бр.1 Караџица-Драчево.

Имајќи го предвид наведеното, овој суд цени дека нема услови за водење на оваа прекршочна постапка бидејќи за истиот настан од 08.01.2016 година и за истите две стебла огревно дрво веќе е водена кривична постапка против обвинетиот С.М. во која му е изречена алтернативна мерка условна осуда.

При одлучувањето Судот зазеде став дека е од ирелевантно значење различната квалификација на противправното дело во оваа прекршочна постапка со квалификацијата во кривичната постапка бидејќи фактичките обележја на прекршокот кој му се става на товар на обвинетиот во барањето за поведување на прекршочната постапка, вклучувајќи ја и количината од две стебла бесправно исечено дабово дрво се содржани во фактичката состојба на кривичната пресуда односно во фактичките обележја на кривичното дело ,,Кражба,, од член 235 став 3 в.в. став 1 в.в чл.19 од КЗ за кое обвинетиот С.М е осуден со правосилна пресуда К.бр..... од 08.07.2016 година. Тоа значи, секое поинакво одлучување би значело повреда на член 7 од Законот за кривичната постапка во кој е регулирано начелото за забрана за двојно судење или казнување, а на кој упатува членот 2 став 2 од Законот за прекршоците. Впрочем и во членот 4 став 1 од Протоколот 7 кон Конвенцијата за човековите права и основните слободи е регулирано дека никој не може да биде изведен пред суд или повторно осуден во кривична постапка од суд на истата држава за дело за кое веќе бил конечно ослободен или осуден во согласност со законот и кривичната постапка на таа држава.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 561/15)**

***

## <u>3. Закон за спречување судир на интереси</u>

**Лицето избрано за пратеник на Парламентарни избори, независно што поради лични убедувања не ја извршува функцијата, има обврска да поднесе изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата бидејќи со верификацијата на неговиот**

**мандат на пратеник во Собранието стекнува овластување да ги користи сите права и извршува сите обврски на пратеничката функција .**

**Од образложението**

Република Македонија, Државна комисија за спречување на корупцијата поднесе барање за поведување прекршочна постапка број ... од ...година, против Г.М од Скопје, за прекршок од член 20-а в.в. член 31-а став 3 од Законот за спречување судир на интереси.Во барањето наведува дека со одлука за верификација на мандатот на пратениците во Собранието на Р.М. број ... од ...година, верифициран е мандатот на лицето Г.М , кој во законски пропишаниот рок од член 20-а од Законот за спречување судир на интереси не доставил изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Предложи обвинетиот да биде огласен за виновен и казнет според Законот.

Судот ја утврди следната фактичка состојба:

Г.М.во својство на службено лице на функција пратеник во Собрание на Република Македонија на која е избран на Парламентарните избори одржани 2014 година, нема поднесено Изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата .

Горната фактичка состојба судот ја утврди врз основа на доказите изведени на главниот претрес.

Неспорно е дека на парламентарните избори 2014 година, обвинетиот Г.М е избран за пратеник во Собранието на Р.Македонија.

Со одлука на Собранието на Р.Македонија од 10.05.2014 година, објавена во Сл. Весник на Р.Македонија број 75/2014 од 10.05.2014 година, верификуван е мандатот на пратениците избрани од листите на пратеници, меѓу кои и на пратеникот Г.М.. Обвинетиот во одбраната дадена лично и преку неговиот бранител, наведе дека заедно со други пратеници, не ги признава резултатите на изборите и дека неговиот мандат е верификуван спротивно на законот и неговиот личен став за неверификација, за што поднел и посебно барање до Собранието, но по наоѓање на овој суд истото не ја намалува ниту исклучува неговата одговорност за прекршокот кој му се става на товар. Ова бидејки , согласно член 5 став 5 од Законот за Собранието, начинот, постапката за верификацијата, како и причините поради кои Собранието може да не го верификува мандатот на пратеникот се уредуваат со Деловникот, а

според Деловникот на Собранието, личниот став и непризнавање на изборните резултати не претставуваат причина за неверификување на мандатот на пратеникот.

По наоѓање на овој Суд, тоа што обвинетиот, после извршениот избор за пратеник не бил во Собранието, не се потпишува во евидентен лист, нема подигнато електронска картица за гласање - како што наведува во одбраната, е очигледно лична одлука која како таква претставува субјективна причина за неизвршување на функцијата пратеник поради што не го доведува во прашање постоењето на сторениот прекршок. Со ваквата одбрана, обвинетиот сака да докаже дека не ја презел функцијата пратеник занемарувајки дека согласно член 5 став 4 од Законот за Собранието и член 6 став 4 од Законот за пратениците, со верификацијата на мандатот пратеникот стекнува права и должности утврдени со Уставот, со закон и со други прописи и општи акти. Тоа значи дека со верификацијата на мандатот обвинетиот стекнал овластување да ги искористува сите права и извршува сите обврски на пратеник што ја превзел пратеничката функција, независно што од субјективни причини не се согласува со истото. Поради наведеното неприфатлива е одбраната на обвинетиот дека нема обврска да поднесе изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Овој суд ја ценеше и одбраната во делот дека обвинетиот има поднесено до Собранието на Р.М. оставка на функцијата пратеник, но најде дека нема влијание за поинакво одлучување бидејки оставка може да даде пратеник, кој ги стекнал правата и должностите односно ја презел функцијата , независно од тоа дали фактички – од оправдани или неоправдани причини ја извршува истата или не. Тоа значи дека верификацијата на мандатот и преземањето на функцијата пратеник треба да се гледа во целина, а не изолирано едно од друго.

Имајки го предвид наведеното, Судот најде дека обвинетиот го сторил прекршокот кој му се става на товар. Согласно член 20-а в.в. член 31-а став 3 од Законот за спречување судир на интереси.

Од цитираната одредба произлегува дека битието на предметниот прекршок е неподнесување изјава за постоење или непостоење на судир на интереси, а исполнувањето на законската обврска е поврзано со рок од 30 дена и условено со преземање на вршењето на јавните овластувања и должности. Судот најде дека обвинетот Г.М е носител на јавни овластувања и должности што ги има пратеник кој ја презел функцијата, па при состојба кога со одлука на Собранието на Р.Македонија од 10.05.2014 година е верификуван неговиот мандат

истиот имал обврска во наредниот рок од 30 дена да поднесе изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупција.

(**Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1305/14)**

***

**4. Закон за спречување судир на интереси**

**Рокот од 30 дена за поднесување изјава за интереси од избран функционер до Државната комисија за спречување на корупцијата не почнува да тече со донесувањето на одлуката за избор ако избраниот функционер од објективни причини не ја презел и не ја извршувал функцијата повеќе од 30 дена сметано од денот на неговиот избор**

**Од образложението**

Република Македонија, Државна комисија за спречување на корупцијата поднесе барање за поведување прекршочна постапка број ... од 13.02.2014 година, против К.Ј. од Б., за прекршок од член 20-а в.в. член 31-а став 3 од Законот за спречување судир на интереси. Во барањето наведува дека со одлука за избор на судии на Основниот суд Б. број ...од 12.07.2012 година донесена од Судскиот Совет на Р.Македонија, верифициран е мандатот на К.Ј. , кој во законски пропишаниот рок од член 20-а од Законот за спречување судир на интереси не доставил изјава за интереси. Предлага, обвинетиот да биде огласен за виновен и казнет според Законот.

Со поднесок од 24.10.2014 година, Република Македонија – Државна комисија за спречување на корупцијата го извести Судот дека останува кон наводите во поднесеното барање и дека Претставник на истата нема да присуствува на закажаното рочиште од 28.10.2014 година бидејки има доствено доволно докази.

Обвинетиот, во својата одбрана во писмена форма, како и на записник од 28.10.2014 година, наведе дека се чувствува многу непријатно поради поднесеното барање, дека не се точни наводите во барањето за поведување на прекршочната постапка и дека подносителот на барањето немал во предвид битни работи кои доколку ги ценел немало да го поднесе барањето.Наведе дека му била позната законската

обврска дека како судија е должен да поднесе изјава во рок од 30 дена од преземањето на функцијата, на која стапил на 16.08.2012 година бидејки свечената изјава пропишана во член 50 од Законот за судовите ја дал на 15.08.2012 година, а не на денот на изборот на 12.07.2012 година. До 16.08.2012 година работел и бил пријавен како стручен соработник во Апелациониот суд Б.. По преземањето на функцијата на 16.08.2012 година, во законскиот рок од 30 дена, со препорачана пратка од 07.09.2012 година поднел изјава до Комисијата. Изјавата била примена во Комисијата на 10.09.2012 година и заведена со деловоден број . Предложи докази.

Во завршен збор наведе дека не го сторил прекршокот кој му се става на товар, дека најсовесно постапил при поднесувањето на Изјавата и предложи судот да донесе одлука со која ќе го ослободи од одговорност , согласност член 119 од Законот за прекршоците.

Судот, по испитување на обвинетиот, во доказната постапка ги изведе предложените докази и тоа ... па по оценка на секој доказ посебно и сите заедно во склоп на една доказна целина, по слободно судиско убедување, најде дека обвинетиот не го сторил прекршокот , од следните причини:

Од Одлуката на Судскиот Совет на Р.Македонија број ...од 12.07.2012 година објавена во Сл.весник на Р.М бр. 89/2012 од 16 јули 2012 година произлегува дека К.Ј. е избран за судија на Основниот суд Б. на 12.07.2012 година .

Фактите дека на 15.08.2012 година дал заклетва пред Судскиот совет на Р.Македонија и дека од 16.08.2012 година е пријавен во задолжителното социјално осигурување во Основниот суд Б., произлегуваат од свечената изјава од 15.08.2012 година и пријавата /одјава во задолжително социјално осигурување – образец М1/М2 , која е заверена на 17.08.2012 година.

Од потврдата за прием на пратка RR...од 07.09.2012 година упатена од Б. до Државната комисија за спречување на корупција , доведена во корелација со страната 1 од Изјавата за интереси од судијата К.Ј. , на која има приемен печат од Државната комисија за спречување на корупцијата од 10.09.2012 година под број ..., судот утврди дека на 07.09.2012 година , по пошта, со препорачана пратка, обвинетиот поднел изјава за интереси која е примена и заведена во архивата на Државната комисија за спречување на корупција на 10.09.2012 година.

Имајки го предвид наведеното, Судот најде дека обвинетиот не го сторил прекршокот кој му се става на товар. Согласно член 20-а од Законот за спречување судир на интереси, Претседателот на Република

Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и други именувани лица на Република Македонија во странство, избраните и именуваните лица од и во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други органи на централната и локалната власт утврдени со закон, при преземање на вршењето на јавните овластувања и должности, во рок од 30 дена се должни да поднесат изјава за постоење или непостоење на судир на интереси до државната комисија.

Од цитираната одредба произлегува дека битието на предметниот прекршок е неподнесување изјава за постоење или непостоење на судир на интереси, а исполнувањето на законската обврска е поврзано со рок од 30 дена и условено со преземање на вршењето на јавните овластувања и должности. Од наведните причини, судот не се впушти во анализа на тоа дали и кога се врши верификација на мандатот на избраните функционери како што се судиите, туку дали и кога К.Ј.го превзел вршењето на јавните овластувања и должности.

За разлика од Државната комисија за спречување на корупцијата, која во овој поглед не приложи, ниту предложи докази, освен наводите во барањето за поведување на прекршочната постапка дека со одлука на Судскиот совет на Р.М за избор на судија во Основниот суд Б. број ... од 12.07.2012 е верифициран мандатот на К.Ј., обвинетиот даде јасна и логична одбрана, без противречности и во целост поткрепена со материјални докази по однос на тоа дека и покрај тоа што бил избран за судија на 12.07.2012 година, се до 15.08.2012 година односно за времетраењето на судската ферија работел како стручен соработник во Апелациониот суд Б., а функцијата судија ја превземал по дадената заклетва пред Судскиот совет на Р.М од 15.08.2012 година односно неговото пријавување во задолжителното социјално осигурување како судија во Основниот суд Б. на 16.08.2012 година.

Врз основа на наведеното, судот наоѓа дека К.Ј. од објективни причини ја немал превземено судиската должност повеќе од 30 дена сметано од денот на неговиот избор за судија на 12.07.2014 година, поради што во тој период за него, сеуште не течел рокот за поднесување изјава за постоење односно непостоење на судир на интереси. При состојба кога на 07.09.2012 година, односно во рамките на рокот од 30 дена по преземањето на јавните овластувања и должности, К. Ј. поднел изјава за постоење односно непостоење на судир на интереси, следуваше да биде ослободен од одговорност согласно член 119 став 2 од Законот за прекршоците.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 117/2014)**

***

**5. Закон за спречување судир на интереси**

**Застарувањето на прекршоците од Законот за спречување судир на интереси, сторени со пропуштање на обврска чие исполнување е врзано со законски пропишан рок започнува да тече првиот ден после истекот на рокот во кој обвинетиот бил должен да ја исполни законската обврска за разлика од прекршоците кај кои исполнувањето не е врзано со рок и застарувањето почнува да тече на денот на откривањето кој се смета како ден на сторување на прекршокот.**

**Од образложението**

На 18.02.2014 година, РМ-Државна комисија за спречување корупција поднесе до овој Суд барање за поведување прекршочна постапка против М.А.З од Г, за прекршок од член 20-а, казнив по член 31-а став 3 од Законот за спречување судир на интереси.

Судот ја ослободи обвинетата од одговорност бидејќи најде дека настапила застареност за водење на постапката , од следните причини:

Од одлуката за избор на судии број ...од 12.12.2001 година на Собранието на Р.М. произлегува дека обвинетата е избрана за судија на Основниот суд во .... на ден 12.12.2001 година.

Не е спорно дека Правилникот за формата и содржината на образецот на Изјавата за интереси е донесен на 01.12.2009 година, а објавен во Сл.весник на Р.М. бр.146 од 07.12.2009 година. Во членот 4 од истиот е уредено дека правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

Согласно член 42 став 1 од Законот за прекршоците , прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако помине една година од денот кога е сторен прекршокот (стар Закон).

Според членот 20-г од Законот за изменување и дополнување на законот за спречување судир на интереси (Сл.весник бр.114 од 14.09.2009 година), формата и содржината на образецот за изјавата за интереси од членовите 20-а и 20-б на овој закон ги пропишува Државната комисија.

Со членот 27 од истиот закон , задолжени се службените лица, во смисла на овој закон, да достават изјава за интереси во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на актот од членот 20-г на овој закон.

Во конкретниот случај, на обвинетата и се става на товар дека пропуштила да поднесе изјава за постоење или непостоење на судир на интереси до Државната комисијата за спречување на корупција, а имала законска обврска тоа да го стори заклучно до 07.03.2010 година односно во рок од три месеци од влегувањето во сила на Правилникот за формата и содржината на образецот на Изјавата за интереси, што значи се работи за прекршок сторен со пропуштање на обврска чие исполнување е врзано со законски пропишан рок, па застарувањето започнува да тече првиот ден после истекот на рокот во кој обвинетата била должна да ја исполни законската обврска, за разлика од прекршоците кај кои исполнувањето на обврската не е врзано со рок и каде застареноста почнува да тече на денот на откривањето кој се смета како ден на сторување на прекршокот.

При состојба кога обвинетата имала законска обврска да поднесе изјава за судир на интереси најдоцна до 07.03.2010 година, Комисијата била должна да поведе прекршочна постапка почнувајки од наредниот ден 08.03.2010 година најдоцна до 08.03.2011 година, а тоа го сторила дури на 18.02.2014 година.

Од наведеното произлегува дека барањето за поведување прекршочна постапка е поднесено во време кога веќе настапила застареност не само за поведување туку и за водење на прекршочна постапка. Ова имајки предвид дека согласно член 42 став 7 од Законот за прекршоците , застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на прекршочното гонење.

При одлучувањето Судот имаше предвид дека се работи за прекршок за кој во смисла на член 42 став 8 од цитираниот Закон за прекршоците не се определени подолги рокови на застареност од роковите од ставот 1 на овој член.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 152/14)**

***

**6. Закон за комунална дејност**

**Со комуналните дејности се остварува јавен интерес, а во таа категорија спаѓа и вршењето на дејноста – паркирање , а**

**паркиралиштето како простор односно површина наменета за јавна употреба за паркирање на возила може да биде јавно или приватно. Кога услугата паркирање на приватна површина се врши за комерцијални цели тогаш субјектот мора да има дозвола од Градот Скопје за вршење на дејноста паркирање, како што е регулирано и во членот 10 став 1 од Законот за комуналната дејност.**

**Од образложението**

ГРАД СКОПЈЕ – СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ, Одделение за комунална инспекција, поднесе барање за поведување прекршочна постапка број ...од 13.01.2014 година, против ДТГМ А ДООЕЛ експорт – импорт, со Подружница Деловно – комерцијален објект со катна гаража – З.Ц. и одговорното лице во правното лице Љ.Ј., управител, за прекршок од член 10 став 1 в.в. член 41 став 1 алинеја 3 од Законот за комунални дејности и од член 27 в.в. член 63 став 1 точка 1 од Законот за инспекциски надзор . Наведе дека при извршен инспекциски надзор на 04.11.2013 година констатирано е дека правното лице врши комунална дејност – паркирање без соодветно одобрение од надлежен орган на Град Скопје поради што со решение број … од 04.11.2013 година бил задолжен да прибави соодветна дозвола за вршење комунална дејност – паркирање. При извршениот контролен надзор на 29.11.2013 година во 09,30 часот констатирано е дека правното лице не постапило по издаденото решение. На правното лице му била понудена постапка за порамнување која не била прифатена.

Застапникот на првообвинетиот, адвокат Е.Г од С., потврди дека правниот субјект не се согласил да се спроведе постапка за порамнување. При распитот наведе дека останува кон писмено произнесување од 04.03.2014 година и одбраната на записник од 25.11.2014 година. Наведе дека во конкретниот случај не се работи за изградба и користење на јавен простор туку за простор кој е во лична и целосна сопственост на А. ДООЕЛ и дека членот 10 став 1 од Законот за комуналните дејности се однесува за оние кои вршат изградба и користење на јавниот простор за паркирање и објекти кои се наоѓаат на тој простор А. ДООЕЛ врши дејност која не е опфатена во член 5 став 1 точка 17 од Законот за комуналните дејности од причина што А. ДООЕЛ е сопственик на деловно комерцијален објект кој е изграден на сопствен имот со намена катна гаража и не се наоѓа на јавен простор. Освен тоа за да се добие дозвола треба да постои и посебен закон за уредување на конкретната дејност, а таков закон не постои, поради што ваквата

одредба не може да се применува до донесувањето на посебен закон. А. ДООЕЛ нема обврска да побара и добие дозвола за вршење комунална дејност бидејќи дејноста која ја обавува не е окарактеризирана како комунална дејност во ниту една точка од членот 10 од Законот за комуналната дејност. Во завршен збор предложи првообвинетиот да биде ослободен од одговорност бидејќи од изнесената одбрана произлегува дека го нема сторено прекршокот кој му се става на товар.

Второобвинетиот, на записник од 25.11.2014 година наведе дека не ја прифаќа иницијативата за спроведување постапка за порамнување бидејќи го нема сторено прекршокот кој му се става на товар. Наведе дека во целост останува кон писменото произнесување со поднесок од 04.03.2014 година, кое е идентично со одбраната на првообвинетото правно лице, а во завршен збор предложи да биде ослободен од одговорност.

Судот, по испитување на застапникот на првообвинетиот и испитување на второобвинетиот, во доказната постапка ... па по оценка на секој доказ посебно и сите заедно во склоп на една доказна целина, по слободно судиско убедување,ја утврди следната фактичка состојба:

На 04.11.2013 година, во 11,00 часот, во С., на ул. В.Ѓ. бр. .. при извршен инспекциски надзор кај ДТГМ А ДООЕЛ експорт – импорт , Подружница Деловно – комерцијален објект со катна гаража – З.Ц, констатирано е дека врши комунална дејност – паркирање без да поседува дозвола од надлежниот орган на Град Скопје, а при контролниот надзор на 29.11.2013 година во 09,30 часот констатирано е дека не постапил по решението број … од 04.11.2013 година на Комуналниот инспектор на Град Скопје со кое е задолжен да обезбеди дозвола и продолжил да врши комунална дејност – паркирање без дозвола, а одговорното лице – управителот Љ.Ј., пропуштило да изврши должен надзор за поседување дозвола и за постапување по решението на комуналниот инспектор.

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Од исказот на сведокот Н.И., овластено службено лице - советник – комунален инспектор при ГРАД СКОПЈЕ, Сектор инспекторат , произлегуваат фактите по однос на тоа дека на 04.11.2013 година, како еден од инспекторите кои извршиле инспекциски надзор , во С., ул. В.Ѓ. бр. ..кај ДТГМ А ДООЕЛ експорт – импорт ,Подружница Деловно – комерцијален објект со катна гаража – З.Ц. непосредно констатитал дека истото врши комунална дејност – паркирање, не поседува дозвола за ваква дејност, а паркирањето се наплатува поради што донел решение

со кое го задолжил субјектот до 15.11.2013 година да прибави дозвола за вршење комунална дејност – паркирање. Од исказот на истиот сведок произлегуваат и фактите по однос на тоа дека при извршениот контролен инспекциски надзор на 29.11.2013 година, констатирал дека субјектот продолжил да врши комунална дејност без да постапи по решението од 15.11.2013 година односно без прибави дозвола.

Судот му поклони верба на исказот на сведокот бидејки беше јасен, прецизен и поткрепен со записникот за извршен инспекциски надзор бр…. од 04.11.2013 година и записникот за извршен инспекциски надзор при сторен прекршок број ... од 29.11.2013 година, двата на ГРАД СКОПЈЕ, Сектор инспекторат, Одделение за комунална инспекција, кои независно што присутното одговорно лице во А. ДООЕЛ Скопје одбило да ги потпише, судот ги прифати за веродостојни имајки предвид дека се составени од службени лица, во рамките на нивните службени овластувања, а обвинетите не приговараа на нивната содржина ниту го негираа фактот дека немаат дозвола и дека не постапиле по задолжението за прибавување дозвола за вршење комунална дејност – паркирање туку изразија личен став дека немаат обврска да побараат и добијат дозвола бидејки се работи за стопанисување со имот во приватна сопственост и дека се работи за правно прашање кое не е регулирано во важечкиот Закон за комуналните дејности , а за кое согласно член 10 став 2 од истиот закон, треба да се донесе посебен закон, но таков не е донесен.

Од исказот на овој сведок како и од делот од одбраната на второобвинетиот дека паркирањето во З.Ц. се наплатува, произлегува заклучок дека ова паркиралиште има комерцијална намена, што впрочем и не беше спорно помеѓу странките.

Од решението број ... од 04.11.2013 година на ГРАД СКОПЈЕ, Сектор инспекторат – Одделение за комунална инспекција, произлегува фактот дека правното лице А. ДООЕЛ Скопје е задолжено да ги отстрани последиците утврдени со записникот од 04.11.2013 година и да прибави дозвола за вршење комунална дејност до 15.11.2013 година. Од изреката на решението произлегува дека жалбата против решението не го одлага неговото извршување, а од образложението дека основ за тоа е членот 35 став 7 од Законот за комунални дејности. Со решение број … од 29.11.2013 година на ГРАД СКОПЈЕ – Комисија за одлучување по жалби против решенија на комунални инспектори, одбиена е како неоснована жалбата на А. ДООЕЛ Скопје против ваквото решението. Согласно ставот 2 од истото, решението влегло во сила со денот на донесувањето.

Не беше спорно дека првообвинетиот е сопственик на деловно – комерцијален објект со катна гаража Ц.З и на земјиштето под објектот, во Скопје, ул. В.Ѓ. бр.1...

Судот одлучи како во изреката од следните причини:

Според членот 2 од Законот за комуналните дејности, комуналните дејности се дејности од јавен интерес.Во членот 5 став 1 од точка 17 од истиот закон, е регулирано дека во комуналните дејности во смисла на овој закон , спаѓа изградба и користење на јавен простор за паркирање и на објектите кои се наоѓаат на тој простор. Согласно член 10 став 1 од цитираниот закон, за вршење на комуналните дејности, правните и физичките лица треба да поседуваат дозвола издадена од надлежен орган согласно со посебните закони со кои се уредуваат одделни комунални дејности.

Од цитираните одредби произлегува дека со комуналните дејности се остварува јавен интерес, а токму во таа категорија спаѓа и вршењето на дејноста – паркирање , при што паркиралиштето како простор односно површина наменета за јавна употреба за паркирање на возила може да биде јавно или приватно. Членот 5 точка 17 од Законот за комуналните дејности се однесува на јавниот простор за паркирање и на објектите кои се наоѓаат на тој простор, но при состојба кога законот не ја исклучува можноста просторот за паркирање и објектите кои се наоѓаат на истиот, да бидат во приватна сопственост, како во конкретниот случај катната гаража А. ДООЕЛ Скопје, не може да се прифати одбраната на обвинетите дека дејноста која ја обавува А. ДООЕЛ не е комунална дејност бидејки се работи за простор кој е во лична и целосна сопственост на А. ДООЕЛ, а не за изградба и користење на јавен простор. Бидејки со законите не може да се предвидат и регулираат сите правни ситуации, законодавецот во членот 9 став1 од Законот за комуналните дејности пропишал дека комуналните дејности се вршат во согласност со овој и друг закон, како и прописите донесени од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Таков е Законот за Градот Скопје , во кој , во членот 12 е регулирано дека градот Скопје, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на подрачјето на градот Скопје да ги врши работите од јавен интерес од значење за градот Скопје, што не се исклучени од неговата надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.Ваквата одредба е основ за донесувањето на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје (Службен гласник на Град Скопје 17/2008 ), во која , во членот 1 е пропишано дека , со оваа одлука се определуваат

јавни паркиралишта и површини од значење за Градот Скопје за јавна употреба за паркирање на возила (во натамошен текст :јавни паркиралишта) и се уредува начинот на користење и одржување на јавните паркиралишта, надзорот над паркирањето и други прашања од значење за паркирањето.

Според членот 4 став 1 од цитираната одлука на Градот Скопје, одредбите на оваа одлука не се однесуваат на површини наменети за паркирање (паркиралишта) во функција на редовна некомерцијална употреба на станбени и деловни објекти и изградени – уредени во рамките на градежна парцела или градба што се во приватна сопственост, во согласност со урбанистичките планови и документација. Во ставот 2 од истиот член е уредено дека, на паркиралиштата од став 1 на овој член , не е дозволено вршење на дејноста паркирање во комерцијални цели. Според ставот 3 од овој член, по исклучок, паркиралиштата од став 1 на овој член, може да се користат и стопанисуваат во комерцијални цели, при што субјектот што ги дава услугите на паркирањето мора да има дозвола од Градот Скопје за вршење на дејноста паркирање.

Во цитираната одредба се прави дистинкција помеѓу паркиралишта за некомерцијална употреба и паркиралишта за комерцијални цели, но при состојба кога услугата паркирање се врши за комерцијални цели , како што тоа е случајот со А. ДООЕЛ С., тогаш субјектот мора да има дозвола од Градот Скопје за вршење на дејноста паркирање, како што впрочем е регулирано и во членот 10 став 1 од Законот за комуналната дејност. Поради наведеното, за овој суд не е прифатливо тврдењето на обвинетите дека немаат обврска да побараат дозвола бидејки стопанисуваат со приватен имот и дека се работи за правно прашање кое не е регулирано со важечката регулатива.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 60/14)**

***

**<u>7. Изборен законик</u>**

**Членот 196-в од Иборниот законик додаден со член 7 од Законот за изменување и дополнување на изборниот законик ( Сл.весник бр.142 од 01.08.2016 година) со кој е регулирано дека правилата за медиумско претставување од Изборниот законик се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе**

**се одржат во 2016 година, не постои сам за себе туку е дел од прописот и мора да се толкува во логична целина со останатите одредби од Изборниот законик дека без акт за распишување на изборите не можеме да говориме за изборен процес.**

**Од образложението**

Во поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка на обвинетите им се става на товар дека не обезбедиле изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во дневно-информативните емисии и во посебно информативна емисија (дебатна емисија), емитувани на програмскиот сервис на Т.Р.Д Т.Н. ДООЕЛ Скопје во периодот од 12 до 21 септември 2016 година, спротивно на обврските од член 75 став 1 од Изборниот законик кои се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година, со што сториле прекршок од член 75 став 1 в.в. член 181-а став 1 алинеја 1 и став 3 од Изборниот законик.

Ноторен факт е дека во Република Македонија имаше иницијатива за одржување на предвремени парламентарни избори во април и во јуни 2016 година, кои не се одржаа. Собранието на Република Македонија на 87-та седница одржана на 18.01.2016 година донесе одлука за распуштање заземајќи став дека ваквата одлука ќе произведе одложено правно дејство, односно ќе се применува од 24.02.2016 година. Дополнително, Собранието на Република Македонија на 95-та седница одржана на 23.02.2016 година ја измени оваа одлука на начин што претходно утврдениот датум на самораспуштање го промени. Во изменетата одлука за самораспуштање, донесена на 23.02.2016 година определено е ново одложно дејство, сметано од 07.04.2016 година кога Собранието фактички се самораспушти, а после донесувањето на одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.104/2016-0-0 од 18.05.2016 година повторно продолжи да работи во својот полн капацитет.

Уставниот суд на Република Македонија со решението У.бр.104/2016-0-0 од 18.05.2016 година, точка 1, поведе постапка за оценување на уставноста на Одлуките за распуштање на Собранието на Република Македонија број 08-362/1 од 18.01.2016 година (Службен весник на Репубика Македонија бр.9/2016) и број 08-1320/1 од 23.02.2016 година (Службен весник на Република Македонија бр.33/2016). Во точка 2 од истото решение е одлучено дека се запира извршувањето на

поединечните акти или дејствија што се преземаат врз основа на одлуките означени во точката 1 од решението. На страна 6 од решението е изразен став на Уставниот суд дека одлуката за распуштање на Собранието има карактер на пропис, бидејќи ваков вид на одлука има универзално дејство и посредно се однесува на сите граѓани кои на непосредни избори го даваат својот глас за одреден пратеник на Собранието, односно ним им го пренесуваат мандатот, но и суверенитетот за Собранието да решава, односно одлучува во нивно име.

Факт е дека горенаведените околности имаа реперкусии врз предизборниот период кој пролонгирано, почнувајќи од 24 февруари 2016 година тече, се прекинува и запира што наметна потреба од екстензивно толкување на законските одредби од Изборниот законик при одлучувањето за предметното барање. Судот како релевантни одредби ги имаше предвид член 2 точка 21 од Изборниот законик во кој е дефинирано дека „Изборен процес“ е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје,односно изборната единица каде што се врши изборот. Во членот 12 став 1, дел II. РАСПИШУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ, глава 1. Распишување на изборите, е регулирано дека актот за распишување на изборите го донесува претседателот на Собранието и со него се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија и денот на одржувањето на изборите. Согласно член 75-а од цитираниот законик, радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување и тоа за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

Од цитираните одредби произлегува дека постоењето на прекршокот од член 75 став 1 в.в. член 181-а став 1 алинеја 1 и став 3 од Изборниот законик и одговорноста на радиодифузерите и на одговорните лица за непочитување на обврската за обезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и на непристрасен начин, не може да се анализира изолирано од актот за распишување на изборите бидејќи без овој акт не можеме да говориме за изборен процес, ниту за изборно медиумско претставување регулирано во цитираниот член 75 став 1. Ова и од причина што со актот за распишување на изборите се определува течењето на роковите за извршување на изборните дејствија како и денот на одржувањето на изборите кој во конкретниот случај не е определен со

акт за распишување на изборите ниту е дефиниран во членот 7 од Законот за изменување и дополнување на изборниот законик според кој правилата за медиумско претставување се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори кои ќе се одржат во 2016 година.

Ноторен факт е дека до денот на одлучувањето по предметното барање не е донесен акт за распишување на изборите од Претседателот на Собранието, а таков не постоеше ниту во периодот од 12 до 21 септември 2016 година во кој на обвинетите им се става на товар дека не обезбедиле изборно медиумско претставување. Поради наведеното овој суд цени дека дејствието опишано во барањето не претставува прекршок од член 75 став 1 в.в. член 181-а став 1 алинеја 1 и став 3 од Изборниот законик туку евентуално друг прекршок, па следуваше да одлучи како во изреката согласно член член 93 став 1 в.в. став 2 алинеја 1 од Законот за прекршоците (Сл.весник на РМ бр.124 од 23.07.2015 година).

**( Решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 731/16)**

***

## <u>8. Закон за спречување на корупцијата</u>

**Пополнувањето на анкетен лист со детален попис на имотот поради престанувањето на функцијата е поврзано со рок од 30 дена и се однесува на постоечкиот имот, а не на иден имот стекнат после 30-тиот ден од престанувањето на функцијата**

### Од образложението

Република Македонија, Државна комисија за спречување на корупцијата поднесе по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од Р.М. - Државна комисија за спречување на корупција број… од .. година, против Љ.К. од с.Л-Д., за прекршок од член 33 од Законот за спречување на корупцијата казнив по член 63 од истиот Закон. Предложи обвинетиот да биде огласен за виновен и казнет според Закон бидејќи во анкетниот лист доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата на 20.05.2013 година, по престанокот на Функцијата Градоначалник на општина Д. не го пријавил патничкото моторно возило … со регистарска ознака ОН...

Обвинетиот, во одбраната изнесена на записник од 12.03.2015 година кажа дека на 18.04.2013 година му престанала функцијата

Градоначалник на Општина Д., а во законски пропишаниот рок од 30 дена односно на 17.05.2013 година со препорачана пратка поднел до Државната комисија анкетен лист поради престанување на функцијата. Предметното возило ... со рег.број ...го купил на 29.05.2013 година односно по престанување на функцијата Градоначалник, за што има заверено договор УЗП бр. .. од 29.05.2013 година кај нотар Н.З.

Судот, по испитување на обвинетиот, во доказната постапка ги изведе предложените докази и тоа ... па по оценка на секој доказ посебно и сите заедно во склоп на една доказна целина, по слободно судиско убедување, најде дека постојат причини за ослободување од одговорност на обвинетиот и одлучи како во изреката од следните причини:

Од Анкетниот лист број … од 20.05.2013 година доставен до Државната комисија за спречување на корупција од Љ.К. произлегува дека на 20.05.2013 година поднел анкетен лист поради престанувањето на функцијата Градоначалник.

Од известувањето од МВР на РМ број ... од 25.10.2013 година произлегува дека по направените проверки во евиденцијата за регистрирани возила на 24.10.2013 година, утврдено е дека едно од возилата сопственост на Љ.К. е ... со регистарска ознака ОН...

Фактите дека на 29.05.2013 година, обвинетиот купил патничко моторно возило ... со број на шасија ..., тип на моторот .., година на производство 2008, со регистарски број SK ..., произлегуваат од договорот за купопродажба УЗП ... од 29.05.2013 година заверен од нотар Н.З.

Фактот дека патничкото моторно возило со регистарски ознаки SK ... е идентично со патничкото моторно возило со регистарски ознаки ОН ... произлегува од сообраќајната дозвола МК ..која гласи на регистарска ознака ОН ... а се однесува за патничко моторно возило ... со број на шасија ..., тип на моторот ... година на производство 2008.

Врз основа на вака утврденото , Судот најде дека не пријавувањето на патничко моторно возило ..., со регистарска ознака ОН ... во анкетниот лист од 20.05.2013 година доставен од обвинетиот Љ. К. поради престанок на функцијата Градоначалник на општина Д. не е прекршок.

Согласно член 33 став 1 од Законот за спречување на корупцијата, избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, при изборот или именувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова

сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот и депонира заверена изјава од нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки. Според ставот 2 од истиот член, лицето од ставот 1 на овој член има обврска да пополни анкетен лист, во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата.

Од цитираните одредби произлегува дека битието на прекршокот од член 33 став 1 од Законот за спречување на корупцијата е недавање детален попис на имотот вклучувајки и подвижни предмети од поголема вредност, а исполнувањето на законската обврска е поврзано со рок од 30 дена по престанувањето на функцијата. Пополнувањето на анкетниот лист со детален попис на имотот се однесува на постоечки , а не на иден имот.

Во поглед на горенаведените околности обвинетиот даде јасна и логична одбрана, без противречности и во целост поткрепена со материјални докази по однос на тоа дека немал обврска ниту можност да го пријави предметното возило во анкетниот лист од 20.05.2013 година бидејќи го купил на 29.05.2013 година односно по истекот на 30 дена од престанувањето на функцијата Градоначалник.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1326/14)**

***

## 9. Закон за спречување на корупцијата

**Избран или именуван функционер има обврска да пополни анкетен лист со детален попис на недвижниот имот што е во негова лична сопственост и сопственост на членовите што живеат во иста семејна заедница вклучувајќи ги и родителите, а не и на родителите што живеат во посебна заедница.**

### Од образложението

...Од анкетниот лист од 19.07.2013 година произлегува дека З. Т е избран за Градоначалник на општина С.Н на 01.04.2013 година. Видно од формуларот на Анкетниот лист, на страна 2 , под број 7, има рубрика – Членови на семејството што живеат во семејна заедница, а кои поседуваат имот. Во објаснувањето за оваа рубрика е наведено дека

треба се запишат личните податоци на членовите на семејството што живеат во семејна заедница со обврзникот ако имаат имот.

Не беше спорно дека Л.Т-татко на З.Т. е сопственик на стан во С.Н, ул. В.В бр..., кој претставува КП бр... и е запишан во ИЛ бр... за КО С.Н.

Фактот дека Л.Т го стекнал овој стан врз основа на договор за купопродажба произлегува од договорот бр... од ..1982 година склучен со СИЗ за становање С.Н како продавач и Л. и Љ. Т како купувачи.

Фактот дека З.Т. е сопственик на стан во С.Н., на ул. В.В бр..., кој претставува КП бр... за КО С.Н произлегува од договот за купопродажба на стан од ...2000 год. солемнизиран под ОДУ бр... од ...2000 година од нотар Љ.Д. како и од имотниот лист број .. за КО С.Н..

Фактот дека З.Т живее на ул. В.В. бр..., С.Н произлегува од Анкетниот лист од ...07.2013 година, изјавата на Л, Љ. и Г.Т. заверени под УЗП бр... од ...2015 година од нотар Б. Н. , изјавата на З.С. заверена под УЗП бр... од 2015 година заверена кај нотар Б.Н, како и од личните карти на З.Т и неговата сопруга.

Од истите изјави произлегува дека Л, Љ и Г.Т живеат во една семејна заедница, а З.Т. со сопругата и децата во друга семејна заедница односно веќе 14 години живеат во одвоени-посебни семејни заедници што значи некаде од 2000-2001 година во време кога З.Т не бил Градоначалник на Општина С.Н.

Од фотокопијата од лична карта на Л., Љ. и Г.Т. произлегува дека во евиденцијата на лични карти истите се запишани на адреса во С.Н , ул. В.В бр...

Од заклучокот Стр.дов бр..... од ...02.2015 година на РМ-Министерство за финансии произлегува дека е запрена постапката за испитување на имотот и имотната состојба против З.Т како Градоначалник на општина С.Н.

Во конкретниот случај, на обвинетиот му се става на товар дека во Анкетниот лист од ...07.2013 година кој обвинетиот го поднел по повод изборот на функцијатс Градоначалник на општина С.Н, не дал детален попис на недвижниот имот што е во сопственост на неговиот родител Л.Т односно не го пријавил станот во С.Н, ул. В.В бр..., заведен во ИЛ бр... за КО С.Н.

При состојба кога обвинетиот З.Т , од 2000-2001 година не живее во иста семејна заедница со неговиот татко Л.Т , произлегува дека при неговиот избор за градоначалник на .. 2013 година и при поднесувањето на Анкетниот лист од ..07.2013 година немал обврска да го пријави станот во С.Н., на ул. В.В. бр..., сопственост на неговиот татко бидејќи неговиот татко на е член на семејството кој живее во иста семејна

заедница, а токму тоа е еден од основните елементи за постоење на прекршокот кој му се става на товар на обвинетиот З.Т.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1328/14)**

***

**10. Закон за спречување на корупцијата**

**Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице е должен да го пријави зголемувањето на имотот со купување недвижни или подвижни предмети чија вредност надминува износ од 20 просечни нето плати во претходниот тримесечен период.**

**Од образложението**

Република Македонија, Државна комисија за спречување на корупцијата поднесе барање за поведување прекршочна постапка број ... од 29.01.2013 година, против М.М. од с.С – М.Р. за прекршок од член 33 и 34 од Законот за спречување на корупцијата казнив по член 63 од истиот Закон. Во барањето се наведува дека обвинетиот, по изборот за Градоначалник на општина М.Р., во анкетниот лист доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата на 25.06.2009 година не дал детален попис на подвижниот имот во негова сопственост со наведување на основот на стекнување, ниту пријавил промена на имотна состојба. Државната комисија со цел да ја утврди фактичката состојба на 17.02.2012 година се обратила до Министерството за внатрешни работи кое со допис број ... од 01.03.2012 година доставило информација со податоци за моторните возила кои ги поседува обвинетиот. По извршената споредба со податоците од анкетниот лист , Државната комисија констатирала дека во анкетниот лист на М.М., Градоначалник на општина М.Р. не е пријавено патничко моторно возило ..., со регистарска ознака GV ... Докази приложи.

Основниот суд Скопје 1 Скопје постапувајки по барањето за прекршочна постапка донел Пресуда 14 Прк бр. 133/13 – О од 03.07.2013 година, која со решение на Апелациониот суд Скопје Пркжо бр. 365/13 од 29.01.2014 година е укината и предметот вратен пред првостепениот суд на повторно одлучување.

Овој суд, постапувајки по напатствијата дадени со решението на Апелациониот суд Скопје Пркжо бр. 365/13 од 29.01.2014 година ,

повторно изврши распит на обвинетиот кој изјави дека не се согласува да се спроведе постапка за порамнување и остана кон писмената одбрана дадена во судот на 01.07.2013 година појаснувајки дека предметното возило не можел да го пријави во анкетниот лист од 25.06.2009 година бидејки возилото го купил на 31.05.2011 година. Возилото е половно, а неговата купопродажна цена изнесувала 350.000,00 денари односно под 20 просечни плати, поради што сметал дека нема обврска да пријави промена на имотна состојба. Докази приложи.

Судот, по испитување на обвинетиот, во доказната постапка ги изведе предложените докази и тоа ... па по оценка на секој доказ посебно и сите заедно во склоп на една доказна целина, по слободно судиско убедување, најде дека постојат причини за ослободување од одговорност на обвинетиот и одлучи како во изреката од следните причини:

Од Анкетниот лист број ... од 25.06.2009 година доставен до Државната комисија за спречување на корупција од М.М., произлегува дека на 23.04.2009 година истиот е избран на функцијата Градоначалник.

Од известувањето од МВР на РМ број од 01.03.2012 година произлегува дека по направените проверки во евиденцијата за регистрирани возила на 23.02.2012 година, утврдено е дека М.М. е сопственик на моторно возило ... со рег.ознака ГВ ... Од содржината на известувањето произлегува дека истото е изготвено по барање број ...од 17.02.2011 година на Државната комисија за спречување на комисија.

Фактите дека на 31.05.2011 година, за цена од 350.000,00 денари, обвинетиот купил патничко моторно возило ..., тип ... со број на шасија …, година на производство 2001, произлегуваат од договорот за купопродажба заверен под УЗП ... од 31.05.2011 година од нотар Д.Л. како и од сообраќајната дозвола за истото.

Од соопштенијата на Државниот завод за статистика број 4.1.11.29 од 27.04.2011 година, број 4.1.11.37 од 27.05.2011 година и број 4.1.11.44 од 28.06.2011 година произлегува дека просечната нето плата по вработен за февруари 2011 година изнесувала 20.433,00 денари, за март 2011 година – 20.585,00 денари и за април 2011 година – 20.519,00 денари. Од истите произлегува дека 20 просечни нето плати во тримесечниот период кој претходел на купувањето на предметното патничко возило на 31.05.2011 година изнесуваат 410.246,66 денари. Ова имајки предвид дека збирот на месечните нето плати по вработен за месеците ферврувари, март и април изнесува 61.537,00 денари, па кога тој износ ќе се подели со бројот три - бидејки е потребно да се утврди просечната нето плата за последното тромесечје, се добива просечна нето плата за последното тромесечје од 20.512.33 денари и кога овој

износ ќе се помножи со коефициентот 20 , се добива износ од 410.146,66 денари.

Врз основа на вака утврденото , Судот наоѓа дека не пријавувањето на патничко моторно возило ... , со регистарска ознака GV ... во анкетниот лист од 25.06.2009 година како и непријавувањето промена на имотната состојба од обвинетиот М.М., преку зголемување на имотот со стекнувањето на предметното возило не е прекршок.

Согласно член 33 став 1 од Законот за спречување на корупцијата, избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, при изборот или именувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот и депонира заверена изјава од нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки. Според членот 34 став 1 од истиот закон, избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал е должно во рок од 30 дена да го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно на имотот на член на неговото семејство, како што е изградба на куќа или други објекти, купување на недвижности, хартии од вредност, автомобил или други подвижни предмети во вредност што надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период.

Од цитираните одредби произлегува дека битието на прекршокот од член 33 став 1 од Законот за спречување на корупцијата е недавање детален попис на имотот вклучувајки и подвижни предмети од поголема вредност, а на прекршокот од член 34 став 1 од истиот закон - непријавување на зголемување на имотот. Исполнувањето на законската обврска од двата члена, е поврзано со рок од 30 дена по денот на изборот односно по стекнување на имотот. Пополнувањето на анкетниот лист со детален попис на имотот се однесува на постоечки , а не на иден имот, а пријавувањето на зголемувањето на имотот е лимитирано на износ што надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период.

Во поглед на горенаведените околности Државната комисија за спречување на корупцијата не приложи, ниту предложи докази, освен наводите во барањето за поведување на прекршочната постапка дека на

барање на Државната комисија, Министерството за внатрешни работи доставило информација со податоци за моторното возило кое го поседува М.М. и дека Државната комисија за спречување на корупцијата констатирала дека таквиот подвижен имот лицето М.М. не го пријавил во анкетниот лист поднесен на 25.06.2009 година. За разлика од Комисијата, обвинетиот даде јасна и логична одбрана, без противречности и во целост поткрепена со материјални докази по однос на тоа дека предметното возило не можел да го пријави во анкетниот лист од 25.06.2009 година бидејки го купил подоцна односно на 31.05.2011 година и дека возилото е користено, а неговата купородажна цена изнесувала 350.000,00 денари што е под 20 просечни нето плати во последното тримесечје. Поради наведеното, судот ја прифати одбраната на обвинетиот дека патничко моторно возило .... , со регистарска ознака GV … не можело да биде предмет на пријавување во Анкетниот лист доставен до Комисијата на 25.06.2009 година, бидејки се работи за идно стекнат имот, а таквото дејствие не претставува повреда на член 33 в.в. член 63 од Законот за спречување на корупцијата. Освен тоа, при состојба кога дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период пред стекнувањето на предметното возило изнесуваат 410.146,66 денари, а купопродажната вредност на возилото изнесувала 350.000,00 денари, произлегува дека обвинетиот М.М. како Градоначалник немал обврска да ја пријави ваквата промена на имотната состојба бидејки истата не надминува износ од дваесет просечни плати во претходниот тримесечен период, поради што во неговото однесување не се содржани ни елементите на прекршокот од член 34 в.в. член 63 од Законот за спречување на корупцијата.

Бидејки обвинетиот е ослободен од одговорност, трошоците на постапката паѓаат на товар на Буџетот на Р.М., согласно член член 2 став 2 кој упатува на 106 став 1 од Законот за кривичната постапка.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 100/14)**

***

**<u>11. Закон за прекршоците</u>**

**Не е доволно во барањето за поведување на прекршочна постапка да се наведе само името и презимето на обвинетиот и неговата адреса, туку треба да се наведат и други идентификациони податоци, а недостатокот на истите претставува причина за**

**отфрлање на барањето бидејќи не ги содржи сите потребни податоци**

**Од образложениeто**

На 04.11.2014 година, Р.М. – Д.П.И поднесе барање за поведување на прекршочна постапка бр... од 29.10.2014 година, против С.С, за прекршок по чл.3 од Законот за средно образование, казнив по член 109 истиот Закон

Судот по разгледување на списите во предметот, констатира дека барањето за поведување на прекршочна постапка има недостатоци бидејки освен адреса не се наведени други идентификациони податоци за сторителот.

Со писмо од 24.12.2014 година, Судот го задолжи подносителот на барањето во рок од 8 дена по приемот на писмото, да го дополни барањето за поведување на прекршочна постапка на начин што ќе ги наведе основните податоци за идентитетот на сторителот, со напомена дека во спротивно барањето ќе биде отфрлено согласно член 84 став 1 и 2 точка 7 од Законот за прекршоците.

Постапувајќи по истото, подносителот на барањето достави известување број ...од 30.01.2015 година дека во информативниот систем на МВР на РМ нема податоци за лицето С.С.

Со оглед на наведеното, барањето за поведување на прекршочна постапка и понатаму има формален недостаток што е пречка за постапување по истото, поради што следуваше да се одлучи како во изреката согласно член 83 и 84 став 2 точка 7 в.в. член 81 од Законот за прекршоците.

**( Решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 3892/14)**

***

**12. Закон за прекршоците**

**Својство на одговорно лице во правно лице не може да има друго правно лице туку само надлежен орган, одговорно лице во правното лице или друго лице кое е овластено да постапува од името на правното лице**

**Од образложениeто**

На ден 26.06.2014 година, Централниот регистар на Р.Македонија, Регионална регистрациона канцеларија Скопје поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, против обвинетите Друштво за градежништво, трговија и услуги Л.Л.Б. ДОО Експорт-импорт с.Г.- Скопје како правно лице и Друштвото Л.Б.И ДООЕЛ Експорт-импорт с.Г.- Скопје, како основач/сопственик , за прекршок од член 476 став 1 в.в. 469 став 1, член 477 став 1 и 4 и член 482 став 1 од Законот за трговските друштва, казнив по член 599 став 1 точка 6 и став 2 од истиот закон.

Согласно член 7 став 2 од Законот за прекршоците, правното лице е одговорно за прекршок ако до извршување на прекршокот дошло со дејствие или со пропуштање на должен надзор од страна на надлежниот орган или на одговорното лице во правното лице или со дејствие или пропуштање на друго лице кое било овластено да постапува од името на правното лице, во рамките на неговите овластувања или кога тоа ги пречекорило своите овластувања заради остварување корист за правното лице.

Имајки предвид дека одговорноста на правното лице е објективна и произлегува од субјективната одговорност на одговорното лице во правното лице, овој суд цени дека својство на одговорно лице во правно лице не може да има друго правно лице , како што е второобвинетиот во конкретниот случај, туку тоа може да биде само надлежен орган , одговорното лице во правното лице или друго лице кое е овластено да постапува од името на правното лице.

**(Решено во Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1842/14)**

***

**<u>13. Закон за управната инспекција</u>**

**Не постапувањето по решението на управната инспекција за водење посебен уписник за предметите за кои се водела првостепена управна постапка согласно Правилникот ( Сл.весник бр. 2/09 од 05.01.2009 година) и продолжувањето со водење интегрирана евиденција во општата архива претставува прекршок од член 17 в.в. член 22 став 1 точка 5 од Законот за управната инспекција.**

**Фактот што Правилникот е донесен и се применува неколку години пред стапувањето на обвинетиот на функцијата вршител на должноста Директор не ја исклучува неговата одговорност, но претставува олеснителна околност**

**Од образложението**

На ден 17.09.2015 година , Република Македонија – Државен управен инспекторат Скопје поднесе до овој суд барање за поведување на прекршочна постапка број … од 15.09.2015 година, против Б.В. од Скопје, како поранешен В.Д. директор на ЈП В.К Скопје, за прекршок од член 17 в.в. член 22 став 1 алинеја 5 од Законот за управната инспекција.

....

Судот во рамките на доказната постапка ги изведе предложените докази и тоа ... па по оценка на секој доказ посебно и сите заедно во склоп на една доказна целина, по слободно судиско убедување, ја утврди следната фактичка состојба:

Спротивно на член 17 од Законот за управната инспекција во определениот рок не постапил по решението ИП...од 31.10.2014 година за отстранување на недостатоците утврдени со записник ИП ...од 31.10.2014 година за редовен инспекциски надзор во ЈП В:К Скопје на начин што за предметите за кои се води управна постапка да устрои Уписник за првостепена управна постапка УП1 и да донесе акт за водење на истиот до 01.01.2015 година.

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Не беше спорно дека во моментот на контролниот надзор, обвинетиот Б.В. веќе не бил носител на функцијата в.д. директор на ЈП В.К Скопје. Од неговата одбрана произлегува дека истиот бил вршител на должноста Директор во периодот од 23.12.2013 година до 07.02.2015 година кога бил разрешен, во кој дел судот поклони верба бидејќи наоѓа поткрепа и во констатираното во записникот за контролен надзор.

Сведокот Б.Н. - виш инспектор кој учествувал во надзорот кажа дека при редовниот инспекциски надзор констатирале дека обвинетиот имал обврска, а не презел мерки со кои ќе устрои Уписник за првостепена управна постапка УП1 и не донел конкретен управен акт-овластување со кое ќе овласти службени лица кои ќе го водат уписникот. Со решение од 31.10.2014 година бил задолжен да ги отстрани недостатоците и утврдено тоа да го стори до 01.01.2015 година. При извршениот контролен надзор констатирале дека обвинетиот не постапил по мерките од решението. Во меѓувреме добиле известување дека ќе постапи согласно решението. Сведокот изрази став дека независно од постоењето на договорот во врска со јавна набавка на услуга за одржување и нови функционалности на ДМС системот, обвинетиот имал обврска како привремено решение да устрои записник во хартиена форма и да издаде овластување за водење на истиот. Судот поклони верба на исказот на овој сведок бидејќи наоѓа

целосна поткрепа во материјалните докази доставени во прилог на барањето за поведување на прекршочна постапка, но имаше предвид дека согласно член 9 став 1 алинеја 3 од Законот за управната инспекција кој бил во важност во времето на надзорот , во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите се овластени не само да наредат во определен рок отстранување на утврдените недостатоци туку и да наредат определен начин на постапување, што значи бил овластен во превентивна функција да нареди на обвинетиот устројување на посебен уписник во хартиена форма.

Од записникот за извршен редовен инспекциски надзор ИП1 број ...од 31.10.2014 година на Државниот управен инспекторат произлегува дека на ден 16 и 17 октомври 2014 година извршен е редовен инспекцискиот надзор и констатирано е дека предметите во Секторот за технички работи и развој, проектирање и екологија по кои се води управна постапка и по кои се донесува управен акт решение, не се заведуваат во Уписник за првостепена управна постапка УП1 што не е во согласност со Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција во управната статистика како и содржината на извештаите од управната статистика.

Предметниот Правилник е објавен во Сл.весник на Р.Македонија бр.2 од 05.01.2009 година , а се применува од 01.01.2009 година што значи околу четри години пред стапувањето на обвинетиот на функцијата в.д. директор на ЈП В.К Скопје.

Фактот дека В.Д. директорот на ЈП В.К – Б.В. е задолжен да преземе мерки и активности за отстранување на недостатоците утврдени со записникот ИП1 број ...од 31.10.2014 година за извршен редовен инспекциски надзор и да устрои Уписник за првостепена управна постапка УП1 за предметите за кои се води управна постапка и да донесе акт за водење на истиот, произлегува од точката 1 од решението ИП1 број ...од 31.10.2014 година на вишиот инспектор и управниот инспектор на Државниот управен инспекторат. Со истото е утврдено отстранување на недостатоците до 01.01.2015 година. Решението има пет точки.

Со писмен допис број ... од 18.11.2014 година чиј потписник е м-р Б.В., државниот управен инспекторат е известен дека субјектот на надзор презел активности за отстранување на недостатоците во врска со точка 3 од решението од 31.10.2014 година и дека за преземени мерки и активности во врска со точка 1 и 2 во рамките на дадените рокови ќе постапи и ќе го извести Државниот управен инспекторат.

Фактот дека в.д. директорот м-р Б.В уште еднаш го известил државниот управен инспекторат дека во периодот кој изминал биле

преземени низа активности со цел отстранување на утврдените неправилности и постапување по точките 1 и 2 во решението од 31.10.2014 година произлегува од известувањето број .... од 05.12.2014 година заведено во државниот управен инпекторат на 05.12.2014 година под ИП бр..... Од известувањето произлегува дека во насока на устројување и воведување на уписник почнувајќи од јануари 2015 година, јавното претпријатие дало налог на фирмата задолжена за имплементација на програмата DMS – Управување со документи, за прилагодување на архивското работење и доставило прилог на шаблон на усписник за предмети во управна постапка образец УП1 објавен во Сл.весник на Р.М бр.2 од 2009 година.

По истекот на рокот определен во решението од 31.10.2014 година извршен е контролен инспекциски надзор при што е сочинет записник ИП1 бр… од 17.06.2015 година.Од истиот произлегува дека при извршениот контролен инспекциски надзор на ден 16.06.2015 година е констатирано дека не е постапено по точка 1 од решението . Од непосрениот увид во електронската евиденција што се води за предметите за кои се води управна постапка било утврдено дека истата не ги содржи рубриките од Уписникот УП1 за првостепена управна постапка пропишан со Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција во управната статистика како и содржината на извештаите од управната статистика (Сл.весник на Р.Македонија бр.2/2009). Исто така било утврдено дека од страна на поранешниот директор не е донесен акт за водење на Уписникот УП1 за службените лица што ги извршуваат прописите за канцелариско работење.

Обвинетиот не се согласил да се спроведе постапка за порамнување.

Од исказите на сведоците Љ.М и А.С. произлегува дека во ЈП В.К е имплементиран DMS системот – документ менаџмент систем односно електронски систем за управување со документи чија цел е исфрлање од употребата на хартијата. Одржувањето и надградбата на системот се обврска на ТДПУП А С ДООЕЛ Скопје со кое ЈП В.К Скопје како корисник на услугата има склучено договор од 09.10.2013 година, доставен на судот од обвинетиот преку неговиот бранител.Имајќи го предвид наведеното судот ја прифати одбраната на обвинетиот дадена лично и преку бранителот во делот дека издал задолженија и презел повеќе активности за прилагодување на ДМС системот со задолжението во решението од 31.10.2014 година. Истиот прецизно објасни што презел и на кои лица издал задолженија што во целост коренсподираше со исказите на сведоците Љ.М. и А.С..

Од исказот на сведокот Љ.М., вработена во ЈП В.К Скопје, произлегува дека од јули 2010г. до март 2015г. била на позиција помошник директор на правни прашања во ЈП В.К Скопје која има комплексна организациона структура со повеќе Сектори, а секој Сектор има директор и раководител. Во конкретниот случај технички раководител во Секторот за технички работи и развој бил М.М. Во врска со предметната контрола пристапиле сериозно и посветено кон констатираните недостатоци при што лично сведокот Љ. се обратила до А. со налози за работа во кој дел и со што да постапат. Во прилог им доставила шаблон за уписник за предметите во Управна постапка образец УП1 објавен во Службен весник бр.2 од 2009 година. Претходно била направена консултација со инспекторката Е. дали тој шаблон е вистинскиот што им е потребен при што на средбата бил присутен и раководителот на кадровската служба бидејќи под негова надлежност било архивското работење. Сведокот додаде дека се додека била на позиција помошник директор и додека имала пристап до тековните активности на претпријатието била консултирана за работите и остварувала редовни мејл контакти со А. за имплементација на забелешките од надзорот. Од изказот на истата произлегува дека евиденцијата за првостепени управни постапки била уредна и се водела во рамките на редовната општа архива, што значи не постоел посебен Уписник туку евиденцијата била интегрирана во општата архива која била во хартиена форма. Не и беше познато дали ДМС системот во моментот е прилагоден според задолженијата од инспекторот.

Сведокот А.С – вработен во ЈП В.К. кажа дека во септември 2014г. бил поставен за проектен менаџер на ДМС Системот од страна на В.Д. директорот Б.В. Во ноември истата година по мејл добил барање од техничкиот раководител на Секторот за технички работи и развој како и од Љ.М. дека треба да се имплементира образец во ДМС системот при што во прилог била доставена табела- образец. Истиот ден тој го препратил ваквото барање до А. бидејќи само А. можел да направи измени. Од тогаш започнал процес на одржување на работни состаноци што се потребни да се реализираат промените, а воедно имале и бројни мејл преписки.

Судот поклони верба на исказите на овие сведоци бидејќи беа јасни, прецизни, се надополнуваа, беа логични, уверливи , аргументирани и без противречности.

Имајќи го предвид наведеното, судот ја прифати одбраната на обвинетиот дадена лично и преку барнителот дека пред имплементацијата на ДМС системот евиденцијата се водела во хартиена

форма која продолжиле да ја водат таму каде не бил имплементиран ДМС системот, дека во секторот за технички работи и развој имало архива во која се заведувале сите предмети вклучувајќи ги и предметите по кои се водела управна постапка, дека тоа бил начинот на функционирање на ЈП В.К години наназад и дека со годишниот план имал определено лица за водење на архивата и останатите книги.

При вака утврдена фактичка состојба судот најде дека обвинетиот сторил прекршок од член 17 в.в. член 22 став 1 алинеја 5 од Законот за управната инспекција бидејќи не устроил посебен уписник во електронска или хартиена форма, за предметите за кои се водела првостепена управна постапка, ниту донел конретен акт со кој ќе определи службени лица кои ќе го водат таквиот уписник со што не постапил по решението ИП ...од 31.10.2014 година.

Судот ја ценеше одбраната на обвинетиот дадена лично и преку неговиот бранител дека презел мерки и активности за постапување по задолжението за устројување на уписник за првостепена управна постапка, но најде дека не ја исклучува одговорноста на обвинетиот туку има влијание при одлучувањето за видот на санкцијата.

При одлучувањето за видот на санкцијата судот ги имаше предвид сите гореспомнати околности од одбраната на обвинетиот, како и прекршочната одговорност на обвинетиот, однесувањето на обвинетиот по констатираниот прекршокот односно фактот дека координирано со помошник директорот за правни прашања, раководителот на кадровата служба и проектниот менаџер на ДМС системот презел повеќе активности во насока на устројување на уписник во електронска форма преку А С С ДООЕЛ Скопје, дека истото е процес во кој се вклучени повеќе субјекти и дека таквиот уписник во електронска или хартиена форма требало да се устрои уште од 01.01.2009 година односно четри години пред стапувањето на обвинетиот на функција в.д. директор, како и личните и имотните прилики на обвинетиот кој е во брак, татко на две малолетни деца, сега е невработен, а до сега не е прекршочно санкциониран.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1013/15)**

***

**<u>14. Закон за метрологија</u>**

**Мерилото за точење на течни горива не може да се пуштат во употреба пред да бидат типски одобрени со запишување во регистарот на мерила за добивање ,,МК” ознака или пред да добијат**

**странски сертификат за одобрение на тип како прва фаза и пред да се изврши нивна верофикација со оловна пломба со клешти и жиг налепница како втора фаза.**

**Од образложението**

На ден 24.04.2014 година, при извршен инспекциски надзор во бензинскта пумпа сопственост на ДПТУ А.О ДООЕЛ Скопје, лоцирана на автопатот Е-65 , С.-Т., во село А., општина С.-С., при проверка на справите – мерила за точење на течни горива, констатирано е дека три столбови тип MZ .. и MZ ... марка SCHEIDT BACHMANN со вкупно 22 апарати за точење на течно гориво, кои правниот субјект ги пуштил во употреба во деловниот објект, немаат МК ознаки и жигови односно сертификат за верификација

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Фактите по однос на времето, местото и начинот на сторениот прекршок произлегуваат од исказите на сведоците К.Џ и А.Ш, вработени во Бирото за метрологија. Сведокот К.Џ кажа дека заедно со колешката А. излегле на лице место и констатирале дека справата за мерење течно гориво Шајди Бакман не е типски одобрена односно нема МК службена ознака ниту верификација. Добивањето МК ознака е нешто како регистрација на возило и тоа е претходен услов за верификација на мерилото. Во конкретниот случај се работело за половни апарати .

Од исказот на сведокот А.Ш произлегува дека при извршениот надзор во април 2014 година констатирале дека апаратите за точење течно гориво немаат МК ознака ниту жигови за верификација. Основен услов е мерилото да има МК ознака што е еден вид како регистрација на возило, а по добивањето МК ознака секоја година потребно е да се врши верификација на мерилото. При верификацијата се втиснува оловна пломба со клешти и се става жиг-налепница. Кажа дека странката постапила по нивните инструкции и поднела барање за упис во регистарот и барање за национално типско одобрение, но бидејќи справите биле половни не ги исполнувале потребните услови поради што на крајот од годината странката била информирана дека предметот се сторнира бидејќи не се исполнети условите за издавање на решение. Тоа значи дека странката требало одново да почне постапка доколку ги исполнила соодветните услови. Кажа дека мерилото треба да се упише во регистарот на мерила за да добие МК ознака или да има странски сертификат за одобрение на тип . Во конкретниот случај субјектот немал ниту МК ознака на мерилото ниту странски сертификат. Од исказот на

овој сведок произлегува дека и во нивно присуство се точело гориво на странки.

Исказите на овие сведоци наоѓаат целосна поткрепа во записникот број ... од 24.04.2014 година на Министерство за економија – Биро за метрологија, од чија содржина произлегува дека кај справите за точење течни горива СМТГ тип MZ 6008, сер.бр. .., СМТГ тип MZ 6108, сер.бр. ..., СМТГ тип MZ 6108, сер.бр. ..., сите Scheidt Bachmann, не се препознаваени службени ознаки од уписот во регистарот за мерило на Бирото за метрологија  и метролошки жигови. Записникот е уредно потпишан без забелешки.Истите факти произлегуваат и од записникот за извршен инспекциски надзор број ...од 24.04.2014 година и од 25.04.2014 година на РМ -Министерство за економија, кој е уредно потпишан , без забелешки од присутните при надзорот.

Фактот дека на 19.05.2014 година односно после извршениот надзор од 24.04.2014 година обвинетите поднеле барање за добивање МК ознака произлегува од барањето за упис на сертификатите и ознаките за сообразност на типот на мерилото и ознаките и жиговите односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло од 19.05.2014 година, барањата од ДПТУ А.О ДООЕЛ до Бирото за метрологија од 19.05.2014 година.

Не беш спорно дека поради проблем со протокот на гориво, справите за точење течни горива до денес немаат добиено МК ознака..

Од барање за верификација поднесено до Бирото за метрологија на 30.11.2013 година произлегува дека пред извршениот надзор односно на 30.11,2013 година обвинетите поднеле барање за верификација на мерило и покрај тоа што немале поднесено барање за упис на справите-мерилата во регистарот односно за добивање МК ознака, што е претходен услов за да може да се изврши верификација. Вакви барања се поднесени до Бирото за метрологија и на 11.12.2013 година, 30.04.2014 година и 19.05.2014 година иако мерилото сеуште немало МК ознака односно не било регистрирано .

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 396/14)**

***

**15. Закон за метрологија**

**Мерната летва е мерило кое подлежи на задолжителна периодична верификација на две години согласно Правилникот за определување на категориите и видовите на мерила за кои е**

**задолжителна верификација, постапка за верификација, рокови за периодична верификација како и видовите на мерила за кои може да се добие овластување за верификација (Сл.весник број 102/07 и 132/13)**

**Од образложението**

На ден 23.04.2012 година, при извршен инспекциски надзор на бензинската пумпа лоцирана на ул. Р. бб, констатирано е дека употребува мерило-мерна летва бр.206/1984 кое нема важечки ознаки и жиг односно сертификат за верификација.

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Од записникот за извршен инспекциски надзор број ... од 23.04.2012 година на Министерството за економија, произлегува дека е дадено задолжение, одговорното лице во рок од три дена, најдоцна до 27.04.2012 година да достави на увид во Државниот пазарен инспекторат записник за извршен преглед и верификациуја на летвата број 206/1984 издадена од Биро за метрологија. Записникот е уредно потпишан од присутните.

Фактот дека одговорното лице-управителот, на 02.05.2012 година доставил на увид записник од февруари 2012 година за извршен периодичен преглед и верификација на мерна летва од 3 метри со фабрички број 295, произлегува од записникот ....од 02.05.2012 година. Од истиот произлегува дека одговорното лице не презентирало на увид записник за извршен периодичен преглед и верификација на мерната летва број 206/1984. Одговорното лице дало забелешка дека мерната летва со која е извршено мерење на гориво во моментот на инспекцискиот надзор е по грешка на вработената дадена бидејќи истата не ја употребувале од причина што на ден 19.04.2012 година имале купено нова летва која е баждарена. Судот ја ценеше ваквата забелешка, но најде дека нема влијание за поинакво одлучување бидејќи од таквата забелешка произлегува дека токму мерната летва 206/1984 која немала ознаки и жиг била користена при инспекцискиот надзор на 23.04.2012 година. Освен тоа , ваквата забелешка упатува на заклучок за постоење организациони пропусти и пропусти од страна на управителот, во надзор над работењето на вработените.

Од исказот на сведокот Љ.Т.-контролор за механички мерила во Бирото за метрологија произлегува дека мерната летва е категорија на мерило кое подлежи на задолжителна периодична верификација на две години согласно Правилникот за определување на категориите и видови

на мерила за кои е задолжителна верификација, постапките за верификација, роковите за периодична верификација, како и видовите на мерила за кои може да се добие овластување за верификација (Сл.весник на РМ бр.102/07 и 132/13). Летвата има фабрички број и службена ознака која се добива при упис во регистарот. Долга е три метри. Различна е праксата на чување.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 670/12)**

***

**<u>16. Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност</u>**

**Издавањето најмногу до 10 соби односно 20 легла спаѓа во категоријата угостителски услуги односно дејност од мал обем и подлежи на регистрација во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во Градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.**

**Од образложението**

На ден 27.01.2016 година при извршен инспекциски надзор во Л. Апартмани, на ул. М.Е. бр..., С. констатирано е дека врши дејност издавање на апартмани без да е регистрирана во соодветниот регистар

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Од записникот за извршен инспекциски надзор број ... од 27.01.2016 година на Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат произлегува дека е извршен инспекциски надзор во објектот Л. Апартмани во Скопје, ул. М.Е. бр..., сопственост на М.Ј.. Констатирано е дека апартманите се лоцирани во самата куќа на истата адреса која располага со четри апартмани кои се уредени и опремени и дека при огласувањето на апартманите на интернет порталите не е наведено дека дејноста ја води физичко лице. Записникот е уредно потпишан , без забелешки во однос на законитоста на постапката на надзорот и точноста на утврдената фактичка состојба.

Фактот дека на 23.02.2016 година повторно е извршен инспекциски надзор при што на овластениот инспектор е дадено на увид решение за категоризација на угостителскиот објект број .... од 17.02.2016 година за извршена категоризација како комфорт со две ѕвездички произлегува од записникот број ... од 23.02.2016 година . Ваквата констатација во целост

коренсподира со решението за категоризација на угостителски објект број ... од 17.02.2016 година на Градоначалникот на град Скопје. Од образложението на истото произлегува дека на ден 04.02.2016 година М.Ј. од Скопје поднела барање за категоризација на угостителски објект (куќи, станови и соби за издавање) што се наоаѓа во С., на ул. М.Е. бр... заради вршење угостителска дејност изнајмување, најмногу до десет соби односно 20 легла и давање услуги на појадок само на корисниците на собите.

Врз основа на решението број ... од 17.02.2016 година на Градоначалникот на Град Скопје судот утврди дека на ден 04.02.2016 година обвинетата поднела барање за категоризација на угостителскиот објект (куќи, станови и соби за издавање) што се наоѓа во С.на ул. М. Е. бр..., заради вршење угостителска дејност изнајмување, најмногу до десет соби односно 20 легла и давање услуги на појадок само на корисниците на собите.

Од аконтативните даночна пријава за остварени приходи и имотни права , изведени како доказ, произлегува дека сите се однесуваат за приходи од имот што се издава под закуп , рубриката број 2 во која треба да се внесат податоци за договор за закуп/подзакуп е празна , како обврзник се јавува обвинетата М.Ј. , ул. М.Е. бр... К.В-С., а предмет на закуп е недвижен имот на ул. М.Е. со основен број ...

Од аконтативните даночна пријава од 12.01.2015 година , произлегува дека се однесува временски период од 01.01.2015 година до 31.05.2015 година, закупец е Сердар Бедиз од Турција , предмет на закуп е недвижен имот со површина од 81 м2, а вкупниот износ на закупнината за еден месец изнесува 12.000,00 денари. Истиот недвижен имот е предмет на аконтативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права од 02.06.2015 година , поднесена за периодот од 01.06.2015 година до 31.12.2015 година во кој повторно лицето Сердар Бедиз од Турција се јавува како закупец.

Врз основа на аконтативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права од 12.01.2015 година , судот утврди дека се однесува за перидот од 01.01.2015 година до 31.05.2015 година, закупец е Х.А.Г од Турција, предмет на закуп е недвижен имот на ул. М.Е бр... со површина од 60 м2, за вкупен износ на закупнината за еден месец изнесува 9.000,00 денари.

За истиот временски период и на истата дата како горенаведената даночна пријава е поднесена и аконтативна пријава во која како закупец се јавува Л.М., но за недвижен имот на ул. М.Е бр..., во површина од 70 м2, за закупнина од 9.000,00 денари. Истиот недвижен имот е предмет на

акontативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права од 02.06.2015 година , поднесена за периодот од 01.06.2015 година до 31.12.2015 година и во аконтативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права од 13.01.2016 година поднесена за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година во кои повторно лицето Л.М од Скопје е закупец на овој апартман.

Обвинетата во својство на даночен обврзник, на 12.01.2015 година поднела уште една аконтативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права која се однесува за временски период од 01.01.2015 година до 31.05.2015 година, закупец е В.Д од Скопје, предмет на закуп е недвижен имот на ул . М.Е бр..., со површина од 51 м2, закупнината за еден месец изнесува 9.000,00 денари. Истиот недвижен имот со додаток дека се работи за број ...е предмет на аконтативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права од 02.06.2015 година , поднесена за периодот од 01.06.2015 година до 31.12.2015 година како и на аконтативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права од 13.01.2016 година поднесена за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година во кои повторно лицето В.Д е закупец на овој апартман.

Од аконтативната даночна пријава за остварени приходи и имотни права од 06.10.2015 година , произлегува дека се однесува за пријава на приходи од имот што се издава под закуп во времетраење од 01.10.2015 година до 31.12.2015 година, закупец е Ф.Л.В од Романија, предмет на закуп е недвижен имот на ул. М.Е бр..., со површина од 81 м2, за вкупен износ на закупнината за еден месец изнесува 12.000,00 денари.

При вака утврдена фактичка состојба судот најде дека во однесувањето на обвинетата се содржани елементите на прекршокот од член 6 став 1 алинеја 3 в.в. член 14 од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност и изрече прекршочна санкција - опомена.

Во конкретниот случај обвинетата како физичко лице врши услуги за сместување односно издавање на соби- апартмани, па иако истото согласно член 3 од Законот за угостителска дејност спаѓа во категоројата угостителски услуги истата не била регистрирана кај надлежниот орган. Во членот 4 став 2 од цитираниот закон е регулирано дека физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат угостителска дејност од мал обем се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје. Според член 18 став 2 од цитираниот закон, во угостителски објекти за сместување спаѓаат и приватните

сместувачки капацитети (соби, апартмани, станови, куќи). Во членот 46 став 1 точка 1 од овој закон е регулирано дека под условите утврдени со овој закон и други прописи, физичкото лице може да изнајмува куќи, апартмани и соби за одмор чиј сопственик е носител на правото на користење, и тоа најмногу до десет соби, односно 20 легла.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 305/16)**

***

**<u>17. Закон за трговија</u>**

**Трговија е купување и продавање на стоки како и вршење трговски услуги, а можат да вршат правни и физички лица кои се регистрирани за вршење на таа дејност во соодветниот регистар согласно со закон. Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи за лична потрошувачка и за потребите на домаќинствата.**

**Од образложението**

На ден 01.10.2015 година, Република Македонија – Министерство за економија, Државен пазарен инспекторат, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против М.Б. од Скопје, за прекршок од член 2 став 2 в.в. член 58 став 5 од Законот за трговија. Предложи обвинетиот да биде огласен за виновен и да му биде изречена соодветна прекршочна санкција.

Обвинетиот во изнесената одбрана го негираше сторениот прекршок наведувајќи дека неговиот брат е регистриран како индивидуален земјоделец и одгледува и продава земјоделски производи на две тезги на пазарчето во Аеродром. Изјави дека му помага на неговиот брат и така обезбедува егзистенција. На денот на инспекцискиот надзор не продавал земјоделски производи на импровизирана тезга туку робата била во количка бидејќи од комбе истовараат роба за тезгите, а тој момент дошла инспекцијата.

Судот ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 04.09.2015 година, при извршен инспекциски надзор во Скопје, пред Тинексот во населбата Аеродром, затекнат е како на

импровизирана тезга врши трговија на мало со земјоделски производи и тоа 25 кг.пиперки-бабури и 10 кг. патлиџани, без да е запишан во соодветниот регистар.

Од исказот на државниот пазарен инспектор Л.Д., кој беше сослушан во својство на сведок произлегува фактите по однос на местото и начинот на сторување на прекршокот. Истиот јасно и веродостојно опиша дека просторот каде е затекнат обвинетиот е како плоштадче и на истиот не може да влезе комбе или друго возило. Обвинетиот го затекнале како врши продажба на 25 кг.пиперки-бабури и 10 кг. патлиџани кои биле поставени на импровизирана тезга направена од картонски кутии.

Исказот на сведокот наоѓа целосна поткрепа во записникот од извршен инспекциски надзор од 04.09.2015 година од кој произлегува дека на 04.09.2015 година е извршена непосредна инспекциска контрола на продавачите на разни стоки на просторот пред Тинекс – Скопје во населба Аеродром и дека обвинетиот е затекнат како врши трговија на мало со земјоделски производи како што е погореопишано.

Поради наведеното судот не ја прифати одбраната на обвинетиот и наоѓа дека истата не го доведува во прашање постоењето на прекршокот , ниту ја исклучува неговата прекршочна одговорност.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба Судот најде дека во однесувањето на обвинетиот се содржани обележјата на прекршокот пропишан во член 2 став 2 од Законот за прекршоците казнив по член 58 став 5 в.в став 1 точка 1 од истиот Закон, согласно кои трговија може да вршат правни и физички лица кои се регистрирани за вршење на таа дејност во соодветен регистар согласно со закон (во натамошниот текст: трговец).

При одлучувањето судот имаше предвид дека трговија во смисла на Законот за трговија е купување и продавање на стоки како и вршење на трговски услуги, а можат да вршат правни и физички лица кои се регистрирани за вршење на таа дејност во соодветниот регистар согласно со закон. При состојба кога обвинетиот не е регистриран како трговец следуваше да се одлучи како во изреката.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1114/15)**

***

**<u>18. Закон за шумите</u>**

**Шумската полиција е овластена да изврши легитимирање на сведоците присутни на местото на извршената контрола бидејќи има должност во записникот за констатиран прекршок да ги нотира присутните сведови .**

**Од образложението**

На 08.02.2013 година, Р.М. – Министерство за земјоделство , шумарство и водостопанство – Сектор за шумска полиција, Одделение – шумска полициска станица Скопје поднесе барање за поведување прекршочна постапка број .... од 07.02.2013 година со прецизирање бр.... од 27.05.2013 година , против обвинетиот К.Т. од с.Б – С., за прекршок од член 82 став 1 алинеја 6 и став 3 од Законот за шумите, казнив по член 104 став 1 точка 14 од истиот закон. Предложи на обвинетиот да му биде изречена прекршочна санкција...

Во конкретниот случај, од соочувањето на обвинетиот К.Т. со сведокот И.П. – шумски полицаец, јасно произлегува неговиот отпор кон шумската полиција. Така, обвинетиот кажа: Јас бев спречен слободно да се движам. Сакавте да ме легитимирате, а Вие не покажавте легитимација, на што сведокот одговори: Што сакаш повеќе од тоа што носиме униформи и читаш ли што пишува на униформата, на што обвинетиот кажа: Не е точно, секој може да носи униформа.

За судот е неприфатлив ваков негативен став на обвинетиот кон шумската полиција и кон униформираните лица и наоѓа дека таквиот личен став на обвинетиот не ја исклучува неговата обврска за легитимирање, посебно во ситуација кога истиот бил на лице место при контролата на двајцата прекршител, а токму шумската полиција има должност да состави записник за извршената контрола, да ја опише констатираната фактичка состојба и да ги нотира лицата присутни при извршената контрола, вклучувајќи и евентуални сведоци како што бил обвинетиот К. Т.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 164/13)**

***

**<u>19. Закон за шумите</u>**

**Секој што врши превоз на огревно дрво без жиг, без боја и без испратница врши безправен превоз на огревно дрво независно од сопственоста и намената на огревното дрво.**

**Од образложението**

Обвинетиот во изнесената одбрана го призна сторениот прекршок. Кажа дека тој го возел камионот по сопствена желба, а дрвата ги купил неговиот другар Абдула кој требало подоцна да ги плати. Кажа дека не е прекршочно санкциониран, живее со родителите кои порано одгледувале тутун, а сега имаат две фолии со расад од пипер.

Судот најде дека во дејствијата на обвинетиот се содржани елементите на прекршокот од член 69 став 1 и 10 од Законот за шумите, казнив по член 104 став 1 точка 11 од истиот закон.

Обвинетиот вршел превоз на огревно дабово дрво без жиг, без боја и без документација што значи не го почитувал строго пропишаниот режим за превоз на огревно дрво, а токму таквото однесување е санкционирано како прекршок во цитираните членови.

Судот ја ценеше одбраната на обвинетиот преку неговиот бранител дека обвинетиот не ја сноси лично целосната вина, но најде дека истото нема влијание за поинакво одлучување бидејќи сторител на предметниот прекршок е секој што врши превоз на исечено дрво без жиг и без испратница, независно од сопственоста и намената на дрвото, а евентуалното соизвршителство не ја исклучува неговата одговорност. Од друга страна судот одлучува во границите на барањето на овластениот подносител кој одлучува против кое лице и за кој прекршок ќе иницира прекршочна постапка.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 200/16)**

***

**<u>20. Закон за шумите</u>**

**Испратницата за превоз на огревно дрво која не е искористена во точно определеното време поради дефект на превозното средство , несреќен случај, сообраќајна незгода, временски непогоди и слично може да се конвалидира односно да се замени со нова само под услов ако причината е пријавена во шумската полиција и Државниот инспекторат за шумарство и ловство.**

**Од образложението**

.....Судот ја ценеше одбраната на обвинетиот дека камионот му останал дефект и мислејки дека брзо ќе го направи не го пријавил дефектот и не побарал замена на испратницата, но истата е неприфатлива и нелогична при состојба кога самот обвинет наведува дека цела ноќ преспал во камионот, а дури наредното утро успеал да го поправи дефектот. Освен тоа судот имаше предвид дека, согласно член 9 став 1 од погорецитираниот Правилник, доколку испратницата од оправдани причини (дефект на превозното средство, несреќен случај, сообраќајна незгода, временски непогоди и слично), не е искористена за денот и часот, односно времето утврдено со испратницата, ќе се замени со нова, само во случај кога причините се пријавени во шумската полиција и Државен испекторат за шумарство и ловство. Според ставот 2 од истиот член, во новата испратница се внесува единствениот сериски број од неискористената испратница, а на кочанот остануваат сите четири сета со истиот сериски број од неискористената испратница.

Од цитираните одредби произлегува дека само со пријава на евентуалниот дефект на превозното средство , старата испратница ќе била конвалидирана односно заменета со нова, но при состојба кога обвинетиот не го сторил тоа произлегува заклучок дека вршел превоз на огревно дрво со невалидна испратница.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 330/14)**

***

**<u>21. Закон за шумите</u>**

**Само физичките лица кои имаат добиено посебно одобение можат да се движат во шума во време на забрана за движење во шума.**

**Од образложението**

На 31.08.2012 година, околу 15,00 часот, на место викано ,,Две реки,, атар на с.Кучевиште, од страна на патрола на ШПС Скопје затекнат е како се движи во шума во време на забрана за движење поради зголемена опасност од шумски пожари, без одобрение од надлежниот орган кој стопанисува со шумите .

Не беше спорно дека обвинетиот немал дозвола или одобрение за движење во шума, дека критичниот ден била во важност делумна забрана за движење во шума поради зголемена опасност од шумски

пожари и дека обвинетиот не преземал некакви конкретни активности од кои би произлегла опасност од шумски пожар.

При вака утврдена фактичка состојба судот најде дека во дејствијата на обвинетиот се содржани битните елементи на прекршокот од член 57 став 3 од Законот за шумите, казнив по член 106 став 1 точка 4 од истиот закон. Според член 57 став 3 од Законот за шумите, субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми во согласност со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, можат целосно или делумно да забранат движење во шумата или во одделни нејзини делови во период кога постои зголемена опасност од шумски пожари или од работи кои се изведуваат во шума.

Во конкретниот случај обвинетиот бил должен да се воздржи од движење во шума до истекот на делумната забрана за движење поради зголемена опасност од шумски пожар или евентуално до добивање на одобрение за движење во шума.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1063/15)**

***

**<u>22. Закон за шумите</u>**

**I**

**Товарот во превозното средство мора да одговара со описот на товарот наведен во испратницата за превоз поради што не е дозволен превоз на огревно дрво со испратница за превоз на отпадно дрво.**

**II**

**Отпадното дрво е со дијаметар до 7 цм. и се сече од делови од стеблото кои остануваат во шумата после извршената сеча поради што има различна должина, за разлика од огревното дрво I класа кое се сече во должина од 1м и има дијаметар над 7цм.**

**Од образложението**

На 17.11.2015 година околу 17,50 часот, на магистралниот пат с.Б. кон с.Н.Б- С., кај раскрсницата за с.П.Р затекнат е од патрола на МВР ПС Кисела Вода како со товарно моторно возило ТАМ со регистарски број СК ..., со број на шасија ...врши бесправен превоз на огревно буково дрво во количина од 2,10 м3 на начин што поседувал испратница број ...од

17.11.2015 година издадена од ЈП ЈАСЕН за количина од 2,80 м3 отпадно дрво лежечка маса, а не за огревно буково дрво

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Не беа спорни фактите по однос на времето и местото на извршената контролата од службени лица на МВР-ПС Кисела Вода и од патролата на Шумската полиција Скопје, потоа дека обвинетиот управувал сопственото товарно моторно возило ТАМ со регистарски број СК ...и број на шасија ..., дека возилото било натоварено со дрво во вкупна количина од 2,80 м3 и дека обвинетиот поседувал испратница број ... од 17.11.2015 година за 2,80 м3 дрво.

Од испратницата број ...од 17.11.2015 година произлегува фактот дека гласи на име на обвинетиот, за отпадно дрво лежечка маса во количина од 2,80 м3.

Од фискалната сметка од 16.11.2015 година произлегува дека се однесува на отпад од лежечка маса.

Од исказот на сведокот С.Д-шумски полицаец произлегува дека обвинетиот превезувал 2,10 м3 огревно буково дрво – I класа и 0,70 м3 тенко отпадно дрво под 7 цм дебелина. Дрвата биле измешани, а би требало да се одвоени. Овој дел од исказот на сведокот наоѓа целосна поткрепа во записникот за извршена контрола во кој е костатирано дека возилото е натоварено со 2,80 м3 огревно буково дрво од кое 2,10 м3 било огревно буково дрво просушено, прва класа, а 0,70 м3 огревно суво дрво тенко отпад. Од исказот на овој сведок судот утврди дека целото дрво кое го превезувал обвинетиот било сечено на едно метро должина, а токму таа должина се сече огревното дрво – I класа , додека отпадното дрво се крои од остатокот од стеблото и истото е со различна должина. Појасни дека отпадното дрво и дрвото лежечка маса , меѓу себе се различни класи дрво, а и двете се пониска и поефтина класа дрво во споредба со огревното дрво I класа. Лежечка маса се дрва исечени пред повеќе месеци. Имајќи го предвид наведеното Судот ја прифати одбраната на обвинетиот во делот дека дрвата што ги превезувал биле мешани – тенки и дебели. Обвинетиот со своите дланки илустрираше пред Судот, која дебелина биле дебелите дрва кои ги превезувал при што Судот директно и непосредно, во присуство на бранителот на обвинетиот изврши мерење на покажаниот дијаметар со линијар и констатира дека обвинетиот покажува дијаметар од 20 цм.

Имајќи го предвид наведеното како и регулираното во членот 12 став 1 точка 41 од Законот за шумите дека шумски отпад/отпад после сеча се делови од стеблото кои остануваат во шумата по сеча како неупотребени за натамошно производство, освен деловите на стеблата и

гранките со дијаметар над 7 см кои не претставуваат шумски отпад, овој суд заклучи дека количината од 2,10 м3 буково дрво не претставува отпадна маса не само поради еднаквата должина од 1 метар туку и поради дијаметарот над 7цм.

Од горенаведеното произлегува заклучок дека податоците во испратницата што ја поседувал обвинетиот не се совпаѓаат со поголемиот дел од товарот во возилото кое го управувал обвинетиот односно не се однесува на товарот од 2,10 м3 огревно буково дрво поради што оваа количината огревно дрво има третман на бесправно превезувано огревно дрво. Ваков третман нема товарот од 0,70 м3 огревно суво дрво тенко отпад на кое се однесува испратницата поради што судот одлучи количината од 0,70 м3 отпадно дрво да му се врати на обвинетиот.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1374/15)**

***

**<u>23. Закон за шумите</u>**

**Не е дозволено количината на огревното дрво што се превезува да ја надминува количината на огревно дрво на која гласи испратницата за превоз.**

**Од образложението**

....На 10.11.2011 година , во 15,20 часот, на ул. Б. на раскрсницата со ул. Љ., затекнат е од патрола на МВР ПС Чаир, како со тмв Застава со регистарски број СК... превезува 4,50 м3 огревно буково дрво иако поседувал испратница број ... за количина од 2,00 м3 огревно буково дрво.

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Не беше спорно дека во времето и на местото наведени во барањето за поведување прекршочна постапка, обвинетиот управувал товарното моторно возило Застава со регистарски број СК ..., вршел превоз на огревно дрво и дека поседувал испратница број ... од 10.11.2011 година за 2,00 м3 огревно буково дрво.

Од исказот на сведокот З.Г.-шумски полицаец произлегува дека овинетиот имал претовар од 2,50 м3, кој не бил жигосан,а количината од 2,00 м3 за која презентирал испратница била со жиг и боја.Возилото е вратено на обвинетиот, а веројатно од брзање не е издаден потврда за

враќање. Судот поклони верба на исказот на овој сведок бидејќи наоѓа целосна поткрепа во записникот за извршена контрола број ...од 10.11.2011 година во кој е констатирано дека обвинетиот превезувал вкупно 4,50 м3 огревно буково дрво од кои 2,50 м3 претставуваат претовар. Записникот е уредно потпишан , без забелешки во однос на законитоста на постапката на надзорот и точноста на утврдената фактичка состојба.

Од испратницата број 105473 произлегува дека гласи на име на обвинетиот и е потпишана од истиот , се однесува на огревно буково дрво во количина од 2,00 м3 и важи од 14,00 до 18,00 часот на ден 10.11.2011 година што упатува на заклучок дека за количина од 2,00 м3 огревно дрво обвинетиот го почитувал строго пропишаниот законски режим за превоз . Поради наведеното судот донесе одлука количината од 2,00 м3 огревно буково дрво да му се врати на овинетиот.

При вака утврдена фактичка состојба судот најде дека во дејствијата на обвинетиот се содржани елементите на прекршокот од член 69 став 1 и 11 од Законот за шумите, казнив по член 104 став 1 точка 11 од истиот закон.

Во конкретниот случај, обвинетиот иако поседувал испратница за превоз на 2,00 м3 , фактички вршел превоз на 4,50 м3 огревно буково дрво , поради што претоварот на огревно буково дрво од 2,50 м3 има третман на огревно дрво кое не е снабдено со испратница што значи за оваа количина огревно дрво обвинетиот не го почитувал строго пропишаниот режим за превоз на огревно дрво, а токму таквото однесување е санкционирано како прекршок во цитираните членови.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1331/15)**

***

**<u>24. Закон за шумите</u>**

**Огревното дрво што се превезува добива третман на безправно превезувано огревно дрво ако јасно видливиот жиг не е втиснат на доволна количина од огревното дрво, неависно што превезувачот поседува валидна испратница**

**Од образложението**

На 20.09.2014 година околу 13,25 часот, на ул....во с.С., затекнат е обвинетиот од патрола на МВР ЕПОИ Алфа како со товарно моторно возило Мерцедес 1417 со регистарски број СК ..., со број на шасија ... врши превоз на бесправно исечено огревно буково дрво во количина од 10,00 м3 на начин што поседувал испратница број ... од 20.09.2014 година издадена од ПШС Куманово за количина од 8 м3, а не за 10,00 м3 , а 30% од вкупно превезуваното огревно дрво било жигосано со жиг сина иако требало да е жигосано 80%.

Горната фактичка состојба произлегува од изведените докази.

Не е спорно дека во моментот на контролата од патрола на МВР, обвинетиот управувал товарното моторно возило Мерцедес 1417 со регистарски број СК ..., со број на шасија ..., кое било натоварено со огревно буково дрво и дека поседувал испратница број ... од 20.09.2014 година која гласела на количина од 8,00 м3 буково дрво.

Од исказот на сведокот И.П.-шумски полицаец јасно произлегуваат фактите по однос на тоа дека дрвата биле жигосани само 30% иако требало најмалку 80% и дека жиговите ги броел лично тој во присуство на обвинетиот. Објасни дека дрвата биле редени вагонски во неколку редови, а само редот што паѓа во очи – последниот ред бил жигосан. Другите редови воопшто не биле жигосани. Лично тој ги префрлал дрвата од средните редови врз редовите што биле лево и десно во однос на средните и го проверувал жигот на секое поединечно. Објасни дека дрвата биле убаво наредени, а откако извршил мерење и констатирал дека лицето врши превоз на вкупна количина од 10 м3, пристапил кон проверка на жиговите. Судот го прифати во целост исказот на овој сведок бидејќи беше јасен, прецизен, без противречности, а наоѓа и поткрепа во записникот број ... од 20.09.2014 година од кој произлегува дека по извршеното мерење е констатирано дека товарното возило има товар од 10 м3 огревно буково дрво, жигосано 30%, со жиг број 464 сина боја. Фактот дека жигот бил сина боја упатува на заклучок дека предметното дрво е дрво произведено во шума во државна сопственост бидејќи согласно Правилникот за видот и начинот на жигосување, начинот на издавање на испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заварени испратници, формата и содржината на регистарот на заверени испратници од државниот инспекторат за шумарство и ловство, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратница и висина на надоместокот на издадени испратници, при втиснување на шумскиот жиг се употребува водоотпорна боја и тоа за дрво произведено во шума во државна сопственост наизменично една

година сина, една година зелена боја. Во истиот правилник е регулирано дека жигот се втиснува на едно од челата и тоа на најмалку 50% од вкупното количество на посечено дрво во државните шуми, односно 85% во приватните шуми, поради што предметното дрво добива третман на бесправно исечено дрво бидејќи било жигосано само 30%. Имајќи го предвид наведеното судот не ја прифати одбраната на обвинетиот во делот дека легално превезувал дрва, истите не биле наредени прописно при проверката од службените лица туку биле нафрлани, а при такво мерење се добива лажен габарит.

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1512/14)**

***

**<u>25. Закон за шумите</u>**

**Режимот за сеча, жигосување, пренос или превоз на исечено дрво во шума и надвор од шума пропишан во Законот за шумите се однесува и на ретките видови дрва опфатени со Решението за определување на ретки видови дрвја во шума (Сл. Весник на Р.М. бр. 23 од 19.05.1998 година) , без оглед во чија сопственост се.**

**Од образложението**

На 27.03.2014 година , во 13,00 часот, во с.О., затечен е обвинетиот како со пмв Ј.К 55, со рег.бр. СК..., врши превоз на бесправно исечени колци од див лешник (мечја леска) во количина од 150 парчиња, без жиг, без боја, без испратница или друг документ иако имал обврска да поседува таква.

Горната фактичка состојба произлегува од признанието на обвинетиот како и од изведените докази.

Од исказот на сведокот Б.С-шумски полицаец, произлегува дека дивиот лешник спаѓа во категоријата ретки видови дрвја во шума и дека во решението за определување на ретки видови дрвја во шума ( Сл.весник број 23 од 19.05.1998 година) дивиот лешник е под точка 4- мечја леска ( Corulus colurna ).

Судот ја ценеше одбраната на обвинетиот дека колците од див лешник ги исекол од сопствена нива и сметал дека не му е потребна дозвола за сечење, но најде дека истото не ја исклучува ниту намалува неговата одговорност за сторениот прекршок. Ова од причина што процедурата за сеча на дрва вклучувајки ги и ретките видови дрвја , независно од тоа дали се работи за државна шума или шуми во приватна сопственост е строго контролирана и прецизно уредена во членовите 66,

67 и 69 од Законот за шумите, од кои јасно произлегува обврската дека треба да се поднесе барање до соодветниот субјект односно да се поседува дозвола.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 313/2014)**

***

**<u>26.Закон за превоз во патниот сообраќај</u>**

**Отсуството на товар во товарното моторно возило е само сомневање , а не и доказ дека со возилото бил извршен јавен превоз на стока во внатрешниот патен сообраќај**

**Од образложениeто**

На ден 17.03.2014 година, Р.М. – Министерство за транспорт и врски, Државен инспекторат за транспорт Скопје поднесе барање за поведување прекршочна постапка обвинетите ДТТУ И Л ДООЕЛ увоз-извоз С како правно лице и Т.М. како одговорно лице-управител, за прекршок од член 64 став 4 в.в. член 97 став 1 точка 16 и став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај.

На главниот претрес судот во рамките на доказната постапка се врши увид во ... па по оценка на секој доказ посебно и сите заедно во склоп на една доказна целина, по слободно судиско убедување, најде дека постојат причини за ослободување од одговорност на обвинетите бидејки нема докази дека обвинетите го сториле прекршокот од следните причини:

Согласно чл. 64 став 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај, при вршење на внатрешен превоз на стока покрај изводот од лиценцата превозникот е должен во возилото да има и патен налог и товарен лист за стоката која е во возилото.

Во конкретниот случај, од записникот од извршен редовен инспекциски надзор бр… од 27.09.2013 година на Државниот инспекторат за транспорт произлегува дека во моментот на надзорот , возачот изјавил дека со товарното возило се движи на релација Паркинг-Гаража. Од истиот записник произлегува дека товарното возило било празно , а тоа по оценка на овој суд не е доволно за да се заклучи дека вршело превоз на стоки во внатрешниот патен сообраќај без патен патен налог.

При состојба кога записник за инспекциски надзор е единствен доказ приложен кон барањето за поведување прекршочна постапка,

тврдењето на инспекторот дека се подразбира дека товарното моторно возило вршело превоз на стока пред да биде извршена контролата инаку не би се движело празно, се сведува само на сомневање кое не е докажано и како такво не може да биде причина за поинакво одлучување. Ова дотолку повеќе што барањето не е засновано на јавни исправи издадени од надлежни државни органи за превоз или истовар на стоки, ниту сторителот е затечен од страна на овластено службено лице при превоз или евентуално истовар на стоки . За да може да се утврди дека некој субјект не ги почитува пропишаните правила за превоз на стоки во патниот сообраќај, не е доволно само да се занимава со превоз како претежна дејност , туку потребни се конкретни докази за прекршокот кој му се става на товар.

Согласно член 2 став 2 кој упатува на член 106 став 1 од Законот за кривичната постапка , трошоците на постапката паѓаат на товар на Судскиот буџет на Р.М. бидејки обвинетите се ослободени од одговорност.

Бидејќи постапката е отпочната до денот на отпочнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, судот согласно член 154 став 1 од Законот за прекршоците (Сл.весник бр.124/2015) го примени стариот Закон за прекршоците (Сл.весник на Р.М бр.62/2006 и 51/11).

**( Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 234/14**

***

**27. Закон за прекршоците**

**Одговорноста на одговорното лице во правното лице не престанува затоа што правното лице престанало да постои**

**Од образложениеtodo**

Обвинетиот И.Б., во законски пропишаниот рок до 28.02.2014 година пропуштил да спроведе контрола за составување, објавување и доставување годишна сметка за периодот јануари – декември 2013 година до Централниот регистар на Република Македонија, Регионална регистрациона канцеларија Скопје, за Д.ПТУ Б-П ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Бидејки правното лице престанало да постои, судот ја запре постапката против истото.

При одлучувањето судот имаше предвид дека одговорноста на одговорното лице во правното лице е субјективна и индивидуална и од истата произлегува одговорноста на правното лице, а не и обратно од одговорноста на правното лице да зависи одговорноста на одговорното лице.

**(Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1892/14)**

***

**<u>28. Закон за трговија</u>**

**Пропуст на подносителот на барањето е што не поднел барање за поведување на прекршочна постапка по Законот за трговија во рок од 18 месеци од денот на сторувањето на прекршокот туку тоа го сторил по истекот на тој рок поради што настапила застареност за поведување на прекршочната постапка**

**Од образложението**

Во конкретниот случај, на обвинетите им се става на товар дека на ден 08.07.2013 година сториле прекршок од член 24-а став 2 од Законот за трговија, казнив по член 57 став 2 точка 2 од истиот закон, што значи од тој момент , а најдоцна до 08.01.2015 година прекршочниот орган бил должен да поведе прекршочна постапка. Видно од списите на предметот, Министерството за економија-Државен пазарен инспекторат поднело барање за поведување прекршочна постапка на 30.01.2015 година.

Од наведеното произлегува дека барањето за поведување прекршочна постапка е поднесено после истекот на рокот од 18 месеци од денот на сторувањето на прекршокот односно во време кога веќе настапила застареност за поведување на прекршочната постапка. Ова имајки предвид дека согласно член 58-а од Законот за трговија, прекршочна постапка по прекршоците предвидени во овој закон не може да се поведе, ниту да се води ако поминат 18 месеци од денот кога е сторен прекршокот.

**( Решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 51/2015 )**

***

**<u>29. Закон за енергетика</u>**

**Кога со lex specijalis како што е Законот за енергетика е определено спроведување на постапка за порамнување , а подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка не спровел таква пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка Судот со писмо ќе го врати барањето на подносителот за да спроведе постапка за порамнување. Ако подносителот не постапи по задолжението од судот и го врати барањето без да спроведе постапка за порамнување, судот ќе го отфрли барањето за поведување на прекршочна постапка**

**Од обрзаложениети**

На 06.10.2015 годинам, Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија поднесе до овој суд барање за поведување прекршочна постапка број ... од 05.10.2015 година против ОЕСМ АД М. за прекршок од член 182 став 1 точка 2 в.в. член 67 став 2 точка 3 од Законот за енергетика.

Судот внимавајќи по службена должност во смисла на член 47 став 3 од Законот за прекршоците дали е спроведена една од забрзаните постапки констатира дека надлежниот орган овластен за поведување на прекршочна комисија не му понудил на сторителот на прекршокот постапка за порамнување иако бил должен тоа да го стори согласно член 177 од Законот за енергетика. Со писмо од 30.10.2015 година Судот го врати барањето на органот за да спроведе една од забрзаните постапки.

Подносителот на барањето го врати барањето за поведување прекршочна до Судот, без да спроведе постапка за порамнување.

Судот одлучи како во изреката од следните причини:

Согласно член 177 став 2 од Законот за енергетика, пред да поднесе барање за прекршочна постапка за прекршоците утврдени во членовите 181 став (1) точка 3, 182 став (1) точки 1, 2 и 8, 183 став (1) точки 2 и 7, 184 став (3), 185 став (1) точки 2 и 8, 186 став (1) точки 2 и 7 и став (2) точка 1, 187 став (1) точки 1 и 3, 188 став (1) точка 2 и 189 став (1) точка 3 на овој закон, надлежниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување.

Имајќи предвид дека со Законот за енергетика како lex specijalis е определено спроведување на постапка за порамнување за прекршокот од член 182 став 1 точка 2 кој му се става на товар на обвинетиот , Судот цени дека подносителот на барањето бил должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување , но истиот не го сторил тоа ниту пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка, ниту по враќањето на барањето од Судот заради

споведување постапка за порамнување, а тоа претставува причина поради која прекршочната постапка не може да се поведе.

При постапувањето, Судот го имаше предвид ставот на подносителот на барањето формулиран како ,,укажувањето,, на судот, дека со членот 177 од Законот за енергетика се уредува прекршочната постапка која ја води Прекршочната комисија при Министерството за економија од член 176 од Законот за енергетика, но оцени дека е погрешен бидејќи во членот 177 став 2 од истиот закон децидно е пропишано спроведување на постапка за порамнување за повеќе прекршоци меѓу кои и за прекршокот од член 182 став 1 точка 2 кој согласно член 176 став 1 од Законот за енергетика не спаѓа во надлежност на Министерството за економија.

По оценка на овој Суд, однесувањето на подносителот на барањето предизвикува одолговлекување на постапката , а не нејзино забрзување и навремено отстранување на штетните последици.

**(Решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје Прк-О бр. 1124/15)**